Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет - Скопје
Институт за педагогија

# СИСТЕМСКА ПОСТАВЕНОСТ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**– МАГИСТЕРСКИ ТРУД –**

**ментор:**
проф. д-р Лена Дамовска

**кандидат:**
Туника Радиќ-Папацафа

Скопје, март 2016 година

# СОДРЖИНА

Вовед ....................................................................................................6

**I. Теоретска рамка на истражувањето** ............................................9

1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими..............................................................................................10

2. Детерминанти на добри практики во процесот на раното учење..............................................................................................14
   - 2.1. Уредување на физичката околина во која што децата учат..14
   - 2.2. Изготвување на план и дневна програма на активности......15
   - 2.3. Начин на заемна комуникација со децата (интеракција).....15
   - 2.4. Процена на развојните достигнувања кај децата..................17
   - 2.5. Градење партнерство со родителите/старателите како учењето да продолжи и дома..................................................18

3. Системска и програмска поставеност на Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години..................................................18
   - 3.1. Принципи на Програмата за рано учење и развој...............................................................................................21
     - 3.1.1. Водечките принципи и вредности при развој на стандардите за рано учење и развој кај деца во Р. Македонија.........................23
   - 3.2. Домени на Програмата за рано учење и развој.........................24
     - 3.2.1. Домен - Социоемоционален развој....................................26
     - 3.2.2. Домен - Развој на пристап кон учење................................28
     - 3.2.3. Домен - Јазик, комуникација и развој на писменост..............31
     - 3.2.4. Домен - Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.....33
   - 3.3. Домен - Физичко здравје и моторен развој..............................35
     - 3.3.1. Развој на моториката во раната возраст.............................35
     - 3.3.2. Фактори на развитокот на моториката кај децата од предучилишна возраст.............................................................37
     - 3.3.3. Методи и средства на физичкото воспитание.....................41
     - 3.3.4. Физичкото воспитание како основа на глобалниот развој..........43

3.4. Субдомен–Груб моторен развој.....48
3.5 Субдомен – Фин моторен развој.....56
3.6 Субдомен – Здраво и безбедно однесување.....61
3.7. Субдомен – Сензомоторен развој.....65

4. Современи пристапи во реализација на стандардите за физичко здравје и моторен рзвој кај деца од 4 до 6 годишна возраст.....67

4.1. Игри и активности за поддршка во во реализација на стандардите за физичко здравје и моторен рзвој кај деца од 4 до 6 годишна возраст.....70

5. Материјално-техничка поддраша (реквизите) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен рзвој во предучилишните установи.....78

**II. Методологија на истражувањето** .....82

1. Предмет на истражувањето.....83
2. Цел и карактер на истражувањето.....83
3. Задачи на истражувањето.....84
4. Хипотези на истражувањето.....84
5. Варијабли на истражувањето.....85
6. Методи, техники и инструменти на истражување.....85
7. Примерок на истражувањето.....86
8. Обработка на податоците.....87

**III. Анализа и интерпретација на истражувањето**.....89

1. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на ставовите на воспитувачите за програмската поддршка на доменот: физичко здравје и моторен развој .....90

2. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на ставовите на воспитувачите за педагошките компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.....94

3. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на образовните потреби на воспитувачите за реализација на доменот:

физичко здравје и моторен развој..................................................99

4. Проценување на материјално-техничка поддраша (реквизите) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен рзвој во предучилишните установи.................108

**IV. Заклучни согледувања и препораки**........................................110

**Литература** ........................................................................................117

**Прилози**...............................................................................................122

Истражувачки инструменти..................................................................123

**Чек-листа - за анализа** на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен рзвој во предучилишните установи **(Ч-Л/Р)**

**Прашалник** - Прашалник за испитување на ставовите иобразовните потреби на воспитувачите за доменот: физичко здравје и моторен рзвој **(П/В)**..........................................................................................127

# ВОВЕД

Конципирањето на Стандардите за рано учење и развој се резултат на севкупните настојувања на образовните авторитети во државата со цел подобрување на квалитетот на раното учење кај децата на возраст од нула до шест години во Република Македонија.

Во трудот се елаборираат бројни прашања, кои сè уште остануваат отворени, а се однесуваат на систематската поставеност и имплементација на Стандардите за рано учење и развој во Република Македонија, со посебен осврт на доменот за физичко здравје и моторен развој. Ова посебно ги третира прашањата поврзани со програмската поставеност за целокупната реализација на воспитно-образовната работа во предучилишните установи на национално ниво, потоа стручната оспособеност на воспитувачите за реализација на доменот којшто е во центарот на овој истражувачки труд, од аспект на иницијалното образование на воспитувачите, и од аспект на професионалниот развој; преку испитување на образовните потреби на непосредните реализатори, и преземање „во од“ на конкретни „акции“ во практиката. Од посебно значење се прашањата за просторите услови според утврдени стандарди и за постоењето на соодветни (спортски) реквизити за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

Испитувањето на ставовите на воспитувачите за програмската поддршка на доменот физичко здравје и моторен развој е еден од истражувачките фокуси поставен во овој труд. Во трудот се поставува и прашањето за педагошките компетенции кои подеднакво вклучуваат знаења, вештини и подготовки за реализација на активности и за унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес.

Стручните компетенции на воспитувачите за работа, преку која се стимулира и унапредува физичкиот развој и здравјето на децата, се клучен императив за сеопфатност во реализацијата на овој домен, којшто според областа на делување има значително комплексна и сложена програмска, организациска и практична поставеност.

Исто така, во трудот се анализира и прашањето за поддршка на практичната работа во градинките од страна на релевантни фактори, како што се: соодветни образовни провајдери (институции и експерти од областа) од владиниот и невладиниот сектор, локална заедница, родители, стручна литература и други.

Според наведеното, иницијалното образование и обука, како и професионалното усовршување на воспитниот кадар треба да биде усогласено со стандардите за рано учење и развој. Според ова, иницијалното образование и обука и професионалното усовршување на воспитувачите треба да биде усогласено со современите и програмски утврдени пристапи за работа со единствена цел - изградување неопходни капацитети на воспитувачите за користење различни пристапи во воспитно-образовната работа.

Сето ова упатува на потребата од испитување на образовните компетенции на воспитувачите, од аспект на ставовите и образовните потреби на воспитувачите.

Истовремено во овој дел се анализира и стручната оспособеност на непосредните реализатори на активностите од доменот: физичко здравје и моторен развој, односно се става акцент на развиените педагошки компетенции неопходни за ефикасна реализација. Анализата и интерпретацијата на резултатите се во насока и на утврдување на образовните потреби на воспитувачите за реализација на доменот којшто е цел на истражувањето, во најгенерални рамки. Во поглед на релевантните компетенции на воспитувачите за планирање, организација и реализација на активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој, претпоставува и познавање на карактеристиките на физичкиот развој на децата, кои резултираат со индивидуални разлики во развојот на децата, изразени со различни потенцијали, физичка подготвеност и интерес.

Имајќи ја предвид специфичноста на овој домен, во истражувањето се наметнува потребата од проценување на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

Методолошки е коректно да се напомене дека во процесот на анализа и интерпретација на добиените податоци од истражувањето ќе се користи

методолошкиот принцип на „вкрстување“ на варијаблите, и покрај тоа што во истражувачкиот инструментариум, ајтемите се логично групирани и компатибилни со истражувачките задачи.

Скопје, октомври 2015

# ПРВ ДЕЛ:

# ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими

Во овој труд се споменуваат, објаснуваат и анализираат повеќе поими кои се носечки во определбата на предметот на трудот. Поимите кои се сретнуваат во насловот на трудот, всушност се во директна зависност со предметот на истражувањето. Поблиското и прецизното определување на суштината на овие поими е направено преку нивното дефинирање и толкување. Со тоа се исклучува можноста тие да бидат погрешно или различно разбрани. Меѓу мноштвото поими кои се споменуваат во трудот, основни поими кои се јавуваат во насловот се: ***физичко здравје, моторен развој, стандарди за рано учење и развој, домени, индикатори, активности за учење.***

Имајќи предвид дека физичкото здравје и моторниот развој се носечките поими околу кои е изграден севкупниот концепт на трудот, овие поими треба посебно да бидат толкувани.

Треба да се нагласи дека во историскиот преглед на педагошката литература, теорија и практика, поимите физичко здравје и моторен развој се интегрирани во поимот физичко воспитание. Постојат повеќе дефиниции за поимот физичко воспитание, кои во основа значително не се разликуваат во толкувањето на овој поим, меѓутоа ставен во контекст на извори кои имаат педагошки карактер, поимот физичко воспитание секогаш е втемелен како составен дел од општото воспитание на децата од предучилишна возраст. Според Нада Радовиќ- Адамовиќ, „физичкото воспитание е дел од општото воспитание на детето од предучилишна возраст и неговото влијание врз детето не се ограничува само на физичкиот развој, туку и на развојот на личноста на детето. Затоа примената на телесните вежби не може да се воопшти како вежбање заради вежбање, како посебна цел, туку таа треба да придонесе и на општиот развој на детето. Како што физичката развиеност влијае врз правилното развивање на моториката, така истовремено влијае и врз однесувањето на детето. Степенот на сензо-моторниот развој придонесува детето да стекне поим за самото себе. Децата со развиена сензомоторика, односно со добро развиени моторички способности имаат поголем успех во играта со своите врсници, односно индиректно придонесува детето да стекне независност, самостојност, снаодливост, иницијатива и успешна соработка во

групата. Физичкото воспитание има карактер на игра, која детето емоционално и социјално се прилагодува. Физичкото воспитание за децата од предучилишна возраст има двојна улога, тоа не само што влијае врз растот и развојот, туку има и терапевтска улога, придонесува за емоционално празнење, намалување на агресивноста, ублажување на анксиозноста, раздразливоста“[1]. Затоа, авторката Адамовиќ, наведува дека во предучилишните установи треба да се создадат услови за вежбање (сала, двор), да се обезбеди време за подготовка на потребните средства и услови (вежби, реквизити, воздух, вода, сонце) и да се овозможи стручна помош.

Во литературата за телесен развој на предучилишните деца, според авторот Антониевиќ, телесниот развој на предучилишното дете „се карактеризира со многубројни особености и законитости, како анатомски така и физиолошки. Заради подобро разбирање и сфаќање на наведените поими, кои означуваат процеси кои се случуваат во детскиот организам, потребно е познавање на основните поими од физиологијата на зачнување и физиологијата за развој по раѓањето. Растот и развојот на предучилишното дете се карактеризираат со непрекинати динамички процеси, почнувајќи од моментот на зачнувањето, па сè до конечната зрелост. Детето во својот развој поминува низ следните периоди: интраутерен период, период на новороденче, период на доенче, период на мало дете и период на предучилишно дете, период на училишно дете, период на пубертет и период на адолесценција“.[2]

Според Иванковиќ[3], физичкиот развој е дел од општиот развој и ја претставува првата алка во општиот состав на физичкото воспитание, којшто е особено важен во предучилишниот период. Детето од предучилишна возраст се движи во поголем дел од денот, што е неопходно за растот и развојот. Во тој период се развива коскено-поврзувачкиот и нервно-мускулниот состав. Интензивно растат и се развиваат поголем дел од мускулите. Во тие години детето учи да оди, трча, скока, да се качува и сл. Движењето многу влијае врз

[1] Radović-Adamović, N. (1980), Fizičko vaspitanje dece u predškolskim ustanovima, Beograd: Pedagoška akademija za obrazovanje vaspitača predškolskih ustanova (11-13 стр.)

[2] Antonijevič, Ž. (1978), Telesni razvoj predškolskog deteta, Beograd: Pedagoška akademija za obrazovanje vaspitača predškolskih ustanova - Beograd (8 стр.)

[3] Ivanković, A. (1978). Tjelesni odgoj djece predškolske dobi. Zagreb: Školska knjiga (9 стр.)

зајакнување на работата на органите за дишење, детето подлабоко дише. Но, влијанието на физичкото воспитание не се ограничува само на физичкиот развој, туку целосно ја опфаќа детската личност. Поврзаноста меѓу физичкото, умственото и моралното воспитание, биле докажувани од многу мислители во педагошката историја, при што, физичкото воспитание се третира како најмоќно средство за развојот на волјата и формирањето на карактерот. Грижата за здравјето на децата и нивниот нормален физички развој, претставува една од најважните задачи во воспитно-образовниот процес во предучилишната возраст.

Во делото Методика за физичкото воспитание на децата од предучилишна возраст, авторот Миодраг Богосављев ги дефинира поимите кои имаат централно место во овој труд. Според него „телесното, односно физичкото воспитание, пред сè е составен дел на воспитанието воопшто. Неговата улога и цел во рамките на воспитанието е да придонесе кон сестрано развивање на личноста. Преку телесното воспитание, се овозможува сестран развој на личноста, на тој начин што се дејствува врз човекот преку телото, а не само на телото. Под телесно воспитание се подразбира педагошки процес којшто се реализира смислено, плански, со цел да се придонесе за морфолошко и функционално усовршување на организмот, формирање и развивање на движечките умеења, навики за движење и со нив поврзани знаења, како и останатите квалитети (психички, морални, карактерно-волјеви, естетски)“[4].

Според Симон Ренџов „целта на физичкото и здравственото воспитание е: да го помогне психофизичкиот развој на детето; да придонесува за чување и зајакнување на здравјето на децата, како и за правилниот развој и растење на детскиот организам; да ја развива самостојноста во решавањето на поставените задачи и друштвено да се приспособува; да стекнува навики за успешно вклучување во училишната работа; да ги развива умствените способности, како и моралните и естетските чувства; да ги формира и развива неопходните хигиенски навики.“[5]

---

[4] Богосављев, М. (1986). *Методика физичког васпитања деце предшколског узраста.* Кикинда: Педагошка академија „Зора Крџалић-Зага“ и издавачко одељење „СТАВ“ центра за култури Кикинда (7-8 стр.)

[5] Ренџов, С. (1990). *Играме, вежбаме, растеме.* Скопје: Детска радост (6 стр.)

Во современата педагошка литература, зачестена е употребата на термините од типот: развојни домени, стандарди и индикатори. Во документот Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години „развојните домени се дефинираат како различни аспекти на развојот на детската личност, иако малите деца се развиваат холистички и посебните развојни домени се меѓусебно поврзани. Со дефинирање, укажуваме што сакаме да вреднуваме и какви сакаме да бидат нашите деца и нашата заедница. Врз основа на голем број истражувања, димензијата на детскиот развој и учењето е поделена во 5 основни домени и тоа: 1. Физичко здравје и моторен развој; 2. Социоемоционален развој; 3. Развој на пристап кон учење; 4. Развој на јазикот, описменување и комуникација; 5. Когнитивен развој и стекнување општи знаења“[6].

Според истиот документ, терминолошки се определуваат и стандардите за рано учење и развој, кои претставуваат „генерални вештини, однесувања и концепти кои децата ги развиваат во рамките на секој развоен домен. Стандардите за рано учење и развој се однесуваат на она што децата треба и можат да го направат на одредена возраст“.[7]

Индикаторите во современата литература се дефинираат како: „Видлива и мерлива манифестација на она што детето го прави. Индикаторот е секогаш поврзан со стандардот. Тоа е компонента на секој стандард, која покажува што детето треба да научи да прави за да го достигне стандардот. Во рамките на еден стандард може да има поголем број индикатори“[8].

За поимот Активности за учење во истоимениот документ наведена е следната терминолошка определба: „стратегии во вид на разни активности коишто возрасните ги користат со детето дома или во градинка, со цел да го забрзаат и поттикнат достигнувањето на индикаторот. Овие активности се насочени кон исполнување на индикаторот и, во најголем дел, претставуваат интеракција на возрасните со децата, со цел да го поттикнат нивниот развој во процесот на учење“[9].

[6] Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (стр.11)
[7] Исто (стр.11)
[8] Исто (стр.11)
[9] Исто (стр.11)

# 2. Детерминанти на добри практики во процесот на раното учење

## 2.1. Уредување на физичката околина во којашто децата учат

Децата имаат потреба од слободно движење во просторот во кој престојуваат. И училницата и надворешниот простор (дворот) треба да се доволно големи за да ги задоволат нивните потреби за слободно движење. На воспитувачите исто така им е потребен простор. Тие треба да им се придружат на децата во нивните движења и игри и заедно да ги користат сите нови можности за учење што се појавуваат постепено. Опремата и во внатрешниот и во надворешниот простор треба да ги адресира сите развојни домени на децата. Генерално, училниците треба да се опремени со книги (и други материјали за рано читање и пишување), разни коцки и материјали за конструкции, разни играчки, но и т.н. „отворени материјали" со кои децата можат да манипулираат, да ги истражуваат, да ги трансформираат и да ги комбинираат. Овие материјали (или играчки) не треба да бидат само атрактивни по својот изглед туку треба да се изработени и од разни материјали, со разни бои, мириси, вкусови или да предизвикуваат разни звуци.

Ѕидните површини и полиците во училниците треба да се украсени со разни предмети кои се изработени од децата и се во согласност со нивните интереси на, а не на возрасните. Сите овие украси на ѕидовите треба да се менуваат повремено и да се збогатуваат со нови и актуелни содржини на кои децата работат.

Дворниот простор, треба да поседува разна опрема како: клацкалки, и разни направи за качување, скокање, лизгање, возење, но и катчиња во кои може да се истражува природата (разни растенија и животни), како и простор за изведување разни градинарски активности.

## 2.2. Изготвување план и дневна програма на активности

Основна цел на воспитувачот е да понуди богата палета на активности за учење, кои се во рамките на рутинските постапки за време на престојот во градинката.

Рутината обезбедува емоционална стабилност и сигурност. Но, и флексибилноста во текот на рутинските постапки им овозможува на воспитувачите да го прошират интересот кај децата за учење.

Рутински и конзистентни распореди на активности за учење се со однапред планирани компоненти и содржини на учење, но во рамките на секоја содржина може да постојат разни модалитети, зависно од интересите на децата и целите што сака да ги постигне воспитувачот. Но, во исто време е потребно да се знае дека понуда на голем број разни содржински модалитети може да ги оптовари децата.

Децата имаат потреба да работат и сами, во парови, во помали или поголеми групи. Некогаш групите се формираат спонтано, но понекогаш треба да се иницираат од воспитувачот. Времето на секоја активност за учење не треба да биде премногу кратко за да не се фрустрираат децата дека не ја завршиле задачата, но и не предолго за да не се досадуваат.

## 2.3. Начин на заемна комуникација со децата (интеракција)

Како учат децата и како го доживуваат раното учење зависи од типот на заемната комуникација што ја остваруваат децата со своите врсници, воспитувачите или родителите. Во раното детство, учењето претставува социјален процес.

Во интеракција со децата, возрасните треба да ги препознаваат и соодветно да реагираат на потребите на децата. Децата ги менуваат своите потреби во текот на раното детство, но без оглед на типот на потребите, секогаш се навраќаат на личноста во која имаат доверба.

Децата имаат доверба и се чувствуваат сигурни кога воспитувачот има позитивна интеракција која може да биде вербална (слушање, разговарање со

интерес на она што детето го зборува, употреба на тивок глас во конфликтни и проблематични ситуации) или невербална (насмевнување, гушкање, гледање во очи или клекнување на висина на детето).

Интеракцијата со децата треба да ја поттикнува детската иницијативност, но во исто време да нуди нови информации и нови модели на вештини. Но понекогаш, воспитувачите не се сигурни како да им понудат нови информации на децата, а да не ги прекршат принципите на добрите практики во текот на раното учење.

Преку добри практики во раното учење, дури и тогаш кога користат директни инструкции во комуникацијата со децата (им кажуваат или им покажуваат на децата што и како да прават) може да се развиваат активности за учење кои се соодветни на нивото на развој на детето или на стилот на учење кај децата.

Во заемната комуникација со децата е важен и начинот на кој воспитувачите ги одобруваат активностите и финализирањето на задачите што ги работат децата. Воспитувачите треба да покажат дека го ценат она што детето го направило преку охрабрување, а не само со пофалба. Пофалбата може да има негативен ефект, затоа што најчесто е насочена кон споредување и натпреварување и кај децата создава чувство на незадоволство и ја ограничува нивната способност да ја проценуваат својата сопствена активност. Наспроти тоа, охрабрувањето ги поттикнува иницијативата и самодовербата кај децата, ја развива нивната способност објективно да ја проценат својата завршена задача и не се сведува само на тоа да ги задоволи барањата на воспитувачите во зададената активност за учење.

Како да го охрабрите детето во текот на активноста што ја изведува?

- Дајте некој позитивен коментар за она што детето го направило.
- Поставете му прашање на детето, кои се неговите планови или идеи (не прашања на кои однапред ги знаете одговорите, туку прашања од кои ќе добиете нови информации).
- Повторете ги идеите на детето и обидете се да ја имитирате неговата активност.
- Запишете ја идејата на детето.

- Поврзете ја идејата со нешто што порано сте го учеле или правеле и додајте некоја нова информација.
- Упатете ги децата едни на други за дополнителна информација или помош.
- Презентирајте ја или споделете ја идејата или работата пред другите деца, со другиот персонал или со родителите.
- Поддржете ја меѓусебната комуникација со другите деца од групата.

  Во комуникацијата со децата треба да се охрабруваат децата да ги идентификуваат проблемите, но и да нудат решенија за нив. Во услови кога воспитувачот е принуден да интервенира за одредени решенија, секогаш треба да има предвид да им даде на децата можност за избор.

## 2.4. Проценка на развојните достигнувања кај децата

Континуиранаta проценка на развојните достигнувања кај децата им овозможува на воспитувачите да ги препознаваат развојните индивидуални капацитети на децата, да поставуваат одредени цели за поттикнување на развојот и да планираат, применуваат и евалуираат програми за работа. Добрите практики во процесот на раното учење од воспитувачот бара да демонстрира разни компетенции поврзани со проценка на развојните достигнувања кај децата како што се:

* Објективно документирање на прогресот кај децата преку користење инструменти што се валидирани ( СРУР );

* Користење на резултатите од проценката за изготвување планови за активности како индивидуални така и групни;

* Користење на резултатите од проценката за идентификација на подрачја каде што треба да се насочи дополнителна едукација за унапредување на професионалниот развој.

## 2.5. Градење партнерство со родителите/старателите како учењето да продолжи и дома

Воспитувачите можат да ги охрабрат родителите да учествуваат активно во процесот на раното учење кај нивните деца. Покрај класичните форми на вклучување на родителите (учество во советите на родители, учество во управните одбори на градинката), воспитувачите можат да ја продлабочат оваа практика и тоа главно во две насоки :

*размена на информации во врска со тоа како програмата во градинката го унапредува развојот кај децата, користејќи разни форми на комуникација со родителите (состаноци, изнајмување разни книги и дистрибуција на брошури );

* информирање на родителите како да ги продолжат активностите за рано учење од градинката во семејна атмосфера.

# 3. Системска и програмска поставеност на Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години[10]

Стандардите за рано учење и развој се резултат на севкупните настојувања на Владата на Република Македонија, односно на Министерството за труд и социјална политика, да го подобри квалитетот на раното учење кај децата на возраст од 0 до 6 години во Република Македонија.

Стандардите за рано учење и развој за децата од најмалата возраст се подготвени со поддршка на УНИЦЕФ, како одговор на често поставуваното прашање на голем број родители, воспитувачи и други стручни лица, кои работат со најмладата популација заради поттикнување на раното учење и развој кај малите деца:

„Што треба да знаат и можат да направат децата на одредена возраст во периодот од 0 до 6 години?"

Овие стандарди тргнуваат од претпоставката дека учењето во текот на

[10] Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика

раното детство е основа за успех во текот на целото понатамошно живеење, вклучувајќи го и образованието како важен сегмент на животот и затоа на сите деца треба да им се даде еднаква можност за успешен старт во животот. Стандардите помагаат во креирањето на соодветен социјален амбиент и мобилизирање на сите оние кои имаат улога во развојот и учењето на малите деца да обезбедат навремено започнување на процесот на учење, а при тоа земајќи ги предвид индивидуалните потреби на секое дете и разликите на средината од која потекнуваат.

Токму затоа, Стандардите треба да се користат флексибилно, односно да го поддржуваат индивидуалниот развој на секое дете без разлика на способностите, етничката и културолошка припадност и социоекономскиот статус. Истите треба да се користат во најразлични средини: во семејството, во заедницата, во детските градинки, здравствените установи, неформалните центри за ран детски развој, дневните центри, итн.

Затоа се очекува во текот на нивното имплементирање да се подобри и зголеми ефикасноста во соработката помеѓу различните сектори, со цел зајакнување на капацитети на сите установи кои учествуваат во унапредување на раното учење и раниот детски развој, но секако и соработката со граѓанскиот сектор.

Севкупниот политичко-општествен амбиент, за промоција на раниот детски развој во Р. Македонија, се базира на меѓународната рамка која е содржана во Конвенцијата за заштита на правата на децата, како и постоечка национална законска и политичка рамка.

Во националниот развоен план 2008-2013, Република Македонија, во рамките на подобро образование за сите, го вгради и раниот детски развој насочен кон децата од предучилишна возраст. За да може да се следи развојот на децата од предучилишна возраст се зацрта и донесувањето и имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој кај оваа возрасна група.

Владата на Република Македонија, во рамки на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015, зацрта преземање соодветни мерки и активности особено во делот на проширување на мрежата

на детските градинки, за подеднаква достапност за сите деца, особено за децата од руралните или помалку развиените општини, но во исто време и мерки за зголемување на опфатот на децата од предучилишна возраст.

Институционалната поддршка за раниот детски развој во Р. Македонија ја презема Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

Националното законодавство (Закон за заштита на децата) во Р. Македонија го дефинира раниот детски развој како предучилишно образование кое опфаќа, покрај мерки за згрижување на децата, мерки и активности за промоција на здравјето и унапредување на интелектуален, емоционален, физички и социјален развој. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст се спроведува во детските градинки, а за децата коишто не се опфатени во овие установи, предвидени се можности за организирање на други скратени вонинституционални форми. („Службен весник на РМ“ 98/2000)[11]

Во иднина, покрај формите на целодневно згрижување на децата во постоечките градинки, треба да се промовираат и кратки форми на опфат, во зависност од потребите, можностите и интересите на локалната заедница.

Во Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија, 2005-2015 година, се истакнува дека: „раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, а помошта од граѓанскиот сектор во реализација на оваа цел ќе биде драгоцена“.

Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија 2005-2015[12] година се фокусира и на обезбедување контрола на квалитетот на образовниот процес преку Министерството за образование и наука кое презема мерки за перманентно обезбедување на контрола на квалитетот на образовниот систем во Р. Македонија.

Мерењето на квалитетот на предучилишното воспитание и образование

[11] Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014.

[12] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија

во Република Македонија е директно условено од развивање на Стандарди за рано учење и развој кај децата, како и нивната доследна имплементација.

Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата коишто треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (моторен развој, социоемоционален развој, когнитивен развој итн.).

Овие стандарди можат да се применуваат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата од 0-6 години (во семејството, во детските градинки, во детските центри за рекреација, како и разни неформални облици на згрижување и воспитување на децата).

Стандардите се презентирани по развојни домени, но потребно е да се нагласи дека развојниот процес и учењето кај малите деца не се одвива изолирано, туку се одвива континуирано, преку сите домени.

Развојните домени се меѓусебно поврзани, а децата учат со надградување на веќе постоечки знаења низ сите домени.

### 3.1. Принципи на Програмата за рано учење и развој[13]

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принципи на мултикултурализам.

На сите деца без разлика на полот, етничката припадност, социо-економските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем.

- Принцип на демократичност

Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигања во процесот на учењето, согласно нивната возраст и социо-културолошките карактеристики.

- Принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност

[13] Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014, (стр. 1-3)

Децата најдобро учат преку играта. Во процесот на учењето, играта се прифаќа како метод на учење, преку кој децата стекнуваат елементарни знаења и практични вештини неопходни за квалитетен живот.

- Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување

Средината во којашто децата учат ја поттикнува љубопитноста и е согласно нивните физички и емотивни потреби, со цел да се чувствуваат безбедно и да користат различни стратегии при барање решенија и одговори.

- Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација

Почитување на персоналитетот и индивидуалните специфичности, потреби, интереси, можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни образовни потреби.

- Принцип на целосност и интегритет

Содржините на стандардите ги опфаќаат сите аспекти од развојот на детската личност, без фаворизирање на одделни аспекти. Холистичкиот пристап во развојот на стандардите е основа за нивно подготвување, со оглед на тоа дека детето го осознава светот како целина.

- Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес

Заедничко делување на градинката/центарот за ран детски развој со семејството и заедницата, во поттикнување на развојот на рано учење кај децата. Интегративниот пристап е од посебно значење за развојот и раното учење кај децата.

- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој

Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните резултати во одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и

стимулација на развојот и на раното учење.

- Принцип на развојно-процесен пристап

Цел на учењето е самиот процес на учење каде целите не се правилни и неправилни одговори, туку поттикнување на детските симболички, фантазиски и мисловни стратегии на размислување, изразување и др., значајни во конкретната развојна возраст.

- Принцип на критичко вреднување

Потребна е постојана евалвација на воспитно-образовната работа на ниво на : меѓусебни интеракции во групата; на планирање одделни подрачја; методи на работа; правата и одговорностите на родителите; во детската градинка и локалната самоуправа.

- Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот

Развојот на учењето кај децата е целосно условен од квалитетни воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со децата и нивните родители.

### 3.1.1. Водечките принципи и вредности при развој на стандардите за рано учење и развој кај деца во Р. Македонија

Социјалната, културната, физичката и интелектуалната добросостојба на граѓаните на Р. Македонија, претставуваат генерална вредност на која се потпира Националната програма за развој на образованието.

Во рамките на раниот детски развој, обезбедување стимулативна и безбедна средина за квалитетно рано учење и претпоставка за постигнување на понатамошен успех во рамките на образовниот процес кај секое дете.

Процесот на развој на Стандардите за рано учење и развој, кај децата од 0 до 6 години, е воден од следните принципи:

-На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во

образовниот систем. Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учењето, а се согласно нивната возраст и социокултуролошките карактеристики. Децата најдобро учат преку играта. Во процесот на учењето, играта се прифаќа како инструмент за учење. Средината во којашто децата учат ја поттикнува љубопитноста и е во согласност со нивните физички и емотивни потреби, со цел да се чувствуваат безбедно. Развојот на учењето кај децата е целосно условено од квалитетни воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со децата и нивните родители. Почитување на персоналитетот и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социоекономски и етнички средини. Содржините на стандардите ги опфаќаат сите домени од развојот на детската личност, без фаворизирање на поединечни домени. Холистичкиот пристап во развојот на стандардите е основа за нивно подготвување, со оглед на тоа дека детето го осознава светот како целина. Заедничко делување на семејството и заедницата, во поттикнување на развој на рано учење кај децата. Сите стандарди имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење.

Очекувани вредности коишто децата треба да ги поседуваат при достигнување на Стандардите за рано учење и развој во Р. Македонија се: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, како и почит кон заедницата и државата во целост.

## 3.2. Развојни домени на Програмата за рано учење и развој

Децата се развиваат холистички. Не постојат приоритетни домени во детскиот развој. Почитувајќи го холистичкиот пристап во воспитно-образовниот процес и избегнувајќи ја тенденцијата да се фаворизираат одредени домени во развојот на детската личност, во изготвувањето на стандардите за ран детски развој во Р. Македонија, внимание се посветува на

следниве домени[14]:

- Физичко здравје и моторен развој;
- Социоемоционален развој;
- Развој на пристап кон учење;
- Развој на јазикот, описменување и комуникација;
- Когнитивен развој и стекнување општи знаења.

Развојот кај малите деца, во голема мера, се остварува комплементарно, преку поврзани развојни домени, така што прогресот кој го прави детето во еден домен има силно влијание врз развојот и прогресот кој го прави детето во друг развоен домен.

Комплементарната поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени го наложува холистичкиот, како единствен пристап во развојот на стандардите за рано учење и развој во Р. Македонија.

Стандардите се очекувања за она што децата треба да го знаат и можат да го направат на одредена возраст. Секое очекување е неразделно поврзано со возраста. Стандардите за рано учење и развој во Р. Македонија се однесуваат на возрасниот интервал од 0 до 6 години (или од 0 до 72 месеци), поделени во следниве возрасни групи :

- 0-2 години ( 0-6 месеци, 6-18 месеци и 18-24 месеци ) ;
- 2-3 години ( 24-36 месеци ) ;
- 3-4 години ( 36-48 месеци ) ;
- 4-6 години ( 48-60 месеци, 60-72 месеци ).

Поделбата на возрасните групи е детерминирана од законската регулатива, врз основа на која се организира работата на детските градинки и поделбата на децата во групи.

[14] Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика

### 3.2.1. Домен- Социоемоционален развој[15]

Социјалниот и емоционалниот развој кај детето игра значајна улога во сегашното и идното социјално функционирање на индивидуата.

Овој домен се однесува на стекнување и учење вештини, коишто ја зголемуваат самосвесноста и самоконтролата. Истражувањата укажуваат дека стекнатите социјални вештини и емоционалниот развој се важен дел од подготвеноста на детето за училиште.

Голем број автори на публикации од областа на раниот детски развој го потенцираат значењето на воспоставување социоемоционална компетентност во најраните години од животот, како основа за севкупниот понатамошен развој на индивидуата.14

Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот на доенчето и малото дете, игра значајна улога во промоција на здрав социоемоционален развој.

Карактеристиките на овој домен на развој укажуваат на тесна поврзаност меѓу социјалната и емоционалната компонента. Двата субдомена се наоѓаат во комплементарен однос и тие меѓусебно се надополнуваат. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционалните вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на овој домен го карактеризираат детето со способност да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги врсниците, како и воспоставување и одржување позитивни односи со околината.

Емоционалната компонента, во рамките на овој домен, го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите.

Правилниот социоемоционален развој на секое дете е значително поврзан со понатамошниот успех во животот и во училиштето. Децата од

---

[15] Според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (27-28 стр.)

најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, со воспитувачите, со врсниците и со други возрасни лица. Квалитетот на овие социјални односи го поттикнува правилниот социоемоционален развој на децата. Во текот на социоемоционалниот развој, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во којашто растат и се развиваат.

Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно социјално однесување, кога го разбираат значењето на различните видови однесувања, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја демонстрираат кога изразуваат емпатија, со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот '„Социоемоционален развој" се:

-градење позитивна слика за себе;

- самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- способност за разбирање на сопствените емоции;
- контрола на сопствените чувства;
- позитивна емоционална состојба;
- респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата.

Во рамките на доменот социоемоционален развој се издвојуваат два субдомена со следните стандарди:

I. СУБДОМЕН - Социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите коишто го опкружуваат:

Стандард 1: Детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати возрасни лица;

Стандард 2: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со други деца;

Стандард 3: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасни;

Стандард 4: Детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето.

II. СУБДОМЕН - Емоционален развој со кој детето ја развива перцепцијата за себе и своите емоции:

Стандард 1: Детето го развива поимот за себе;

Стандард 2: Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции;

Стандард 3: Детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите способности ;

Стандард 4: Детето може да ги контролира сопствените чувства.

### 3.2.2. Домен - Пристап кон учење[16]

Раното детство е период кога децата учат како да учат и тие пристапуваат кон овој дел на учење на различни начини. Пристапот кон учењето претставува основа за преостанатите домени во процесот на раното учење и развојот на децата. Овој домен се однесува на тоа како децата учат, а не на тоа што тие учат.

Малите деца, по својата природа, се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислен амбиент којшто ја поттикнува иницијативноста и интересот кон учењето се клучни фактори кои го унапредуваат пристапот кон учењето на малите деца. Во тоа, секако клучна улога имаат професионалците вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство. Создавањето позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таков амбиент децата развиваат позитивен

[16] Според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (42 стр.)

пристап кон учењето кој е потребен за понатамошен успех во училиштето, но и за процесот на активно учење во текот на целиот живот.

Пристапот кон учење се однесува на навиките, диспозициите и стиловите на учење кои укажуваат на различните начини на кои детето секојдневно се внесува во процесот на учење. Поконкретно, пристапот кон учењето се однесува на детската љубопитност и интерес, на неговата иницијативност, на упорноста и посветеноста, на креативноста и инвентивноста, како и на способноста за рефлексија и интерпретација.

Овој домен не се однесува на способностите и вештините коишто децата ги поседуваат, туку како тие се ориентираат и насочуваат себе си кон процесот на учење.

„Децата учат и се изразуваат на различни начини. Различните начини на кои тие учат, не се и не треба да се разберат како дефицит“[17]. Во воспитно-образовниот процес многу често се форсира медиокритетскиот пристап. Се очекува од секое дете, без разлика на индивидуалните способности, со исто темпо, на идентичен начин и со успех да ги усвои предвидените програмски содржини. Претходните искуства на детето се многу значајни. Начините на кои децата го изразуваат својот пристап кон учењето зависи и од нивниот темперамент, но и од животниот контекст на секое дете посебно. Во воспитно-образовниот процес треба да се почитуваат социокултурните специфичности на средината од која потекнува секое дете.

Семејството, пошироката средина, градинката, училиштето и сите оние што непосредно имаат некаква врска со раниот детски развој и учење, укажуваат на значењето и важноста на овој домен во понатамошниот развој на секоја личност.

Љубопитноста кај децата, нивните интереси, иницијативноста, упорноста, инвентивноста и креативноста се особини на детската личност кои се развиваат во рамките на останатите домени од развојот на детската личност. Укажувањето на посебното значење на секоја од споменатите особини и нејзиното понатамошно негување и поттикнување во секојдневниот живот, особено во воспитно-образовниот процес, е од

[17] Исто (42 стр.)

непроценливо значење за успешниот старт за поаѓање на училиште, но и за понатамошниот живот на детето воопшто. На секое дете треба да му се овозможи стекнување искуства низ процесот на учење кои соодветствуваат на неговите единствени потреби и можности. Секое дете е индивидуа сама за себе, има единствени, само за него својствени потенцијали коишто треба да се поттикнат и негуваат.

Детскиот пристап кон учењето се однесува и на мотивацијата, однесувањето и когнитивните стилови коишто децата ги демонстрираат кога учат нешто ново и секогаш во различни ситуации. Децата треба да бидат мотивирани да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини. Тие треба да се оспособат и за доживотно учење.

Клучни вредности коишто се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот Пристап кон учењето се: љубопитност и интерес; иницијативност; упорност и посветеност; креативност и инвентивност; рефлексија и интерпретација.

Развојниот процес кај децата во рамките на доменот - пристап кон учењето се одвива во два субдомена:

I. СУБДОМЕН - Љубопитност и иницијативност се следните стандарди:

Стандард 1: Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства;

Стандард 2: Детето може да преземе иницијатива.

II. СУБДОМЕН - Креативност и истрајност со следните стандарди:

Стандард 1: Детето покажува истрајност во преземените активности;

Стандард 2: Детето може да ја користи својата креативност во секојдневните активности ;

Стандард 3: Детето може да учи на различни начини од сопствените искуства.

### 3.2.3. Домен - Јазик, комуникација и развој на писменост[18]

Усвојувањето на јазикот и неговото правилно користење е важно за успешно функционирање на секоја индививидуа во општеството. Новородените деца, без оглед на нивното културолошко потекло, доаѓаат на свет подготвени да комуницираат со звуци, гестикулации и зборови.

Правилното усвојување на јазикот е комплексен процес кој започнува од раѓањето на детето и, главно, е условено од голем број фактори. Со усвојување на јазикот, детето, всушност, усвојува еден моќен и комплексен симболички систем, кој го развива и усовршува во текот на целиот живот. Експресијата на лицето и говорот на телото со кои комуницираат најмалите бебиња брзо се менува со „гугање", формирање зборови и конструкција на реченици.

„Општо е познато дека писмената популација денес е есенцијална за напредокот на секое општество, како од хуманитарни, така и од економски причини. На индивидуално ниво, писменоста го детерминира квалитетот на животот, личното унапредување, креирањето на имиџот за себе и можноста за успешно функционирање во современиот свет на забрзан технолошки развој. Да се биде писмен значи да се има пристап до знаењето. Тоа нуди можност за избор и самопотврдување. На национално ниво, функцијата и економскиот просперитет на општеството зависи од добро едуцирани личности, со флексибилни и високо развиени професионални вештини".

Јазикот на децата им е неопходен за да ги изразат своите мисли и чувства, но, во исто време, тој е неопходен за да ги разберат и другите лица со кои тие секојдневно стапуваат во комуникација.

Јазикот се усвојува во одреден социјален и културен контекст. Во почетокот, тоа е семејството, како примарна социјална средина, а подоцна тоа е училиштето и пошироката социјална средина.

Во развојот на јазикот и писменоста, клучен момент е детето да може да

[18] Според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (48 стр.)

ги демонстрира своите почетни вештини на својот мајчин јазик.

„Надворешните влијанија од средината, подучувањето со специфични говорни вештини и богатите културни различности, влијаат во усвојување на јазични и комуникациски способности“.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата и се основа за дефинирање на стандардите во рамките на доменот јазик, комуникација и развој на писменоста, се следните: Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик; Правилно зборување и елоквенција; Комуникациски вештини; Интерес кон читање книги; Развој на способност за писмено изразување; Развој на чувство за постоење на културна и јазична различност.

Во рамките на доменот јазик, комуникација и развој на писменост се одвојуваат три клучни субдомени, со следните стандарди:

I. СУБДОМЕН - Комуникација, со чија помош детето соодветно одговара на говорниот јазик, започнува да го разбира, демонстрирајќи говорни вештини во комуникацијата со околината:

Стандард 1: Детето може да слуша и разбира говорен јазик;

Стандард 2: Детето може да зборува и комуницира;

Стандард 3: Детето може да го збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор.

II. СУБДОМЕН - Читање, со чија помош се развива интересот кон печатените материјали и препознавање на пишани симболи и букви:

Стандард 1: Детето покажува интерес кон печатени материјали;

Стандард 2: Детето може да препознае пишани симболи и букви.

III. СУБДОМЕН – Пишување, со чија помош детето започнува активности (чкртање, цртање) кои понатаму се развиваат во вештини за пишување, преку кои искажуваат одредени идеи:

Стандард 1: Детето може да се вклучи во активности поврзани со пишување;

Стандард 2: Детето ги искажува своите идеи преку пишани симболи и букви.

### 3.2.4. Домен - Когнитивен развој и стекнување општи знаења[19]

Когнитивниот развој се однесува на зголемување на интелектуалните и менталните способности на децата. Станува збор за прогресивен процес којшто настанува како резултат на интеракција на детето со останатите објекти, субјекти и настани коишто се случуваат во неговата околина. Когнитивниот развој обединува неколку сегменти, како што се: препознавање, обработка, организација и соодветна употреба на дадена информација. Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности, како: истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање на информациите. Овој домен од развојот на детската личност, во исто време, вклучува: „Како мислат и што знаат децата". Во предучилишниот период когнитивниот развој се однесува на стекнување вештини за процена, критичност, решавање проблеми, разбирање правила и концепти, како и визуелизација на можностите и последиците.

Во воспитно-образовниот процес треба да се посвети поголемо внимание на начинот на којшто децата ги стекнуваат знаењата.

Когнитивниот развој се однесува на стратегиите коишто децата ги користат за да го истражуваат и учат светот што ги опкружува, додека стекнување на знаењето е процес преку кој се акумулираат информациите коишто ги добиваат во текот на интеракцијата со надворешниот свет, со цел активно да се вклучат во решавање на проблемите, како и зголемување на нивното чувство за критично размислување.

Когнитивниот развој не е изолиран процес, тој зависи од степенот на развој на останатите домени, пред сè, физичкото здравје и социоемоционалниот развој.

Развојниот процес во доменот на когнитивниот развој се одвива во 4 субдомени и тоа:

- Логика и размислување;

[19] Според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (60 стр.)

- Математика и броеви;
- Уметност;
- Наука.

Клучните вредности коишто се очекуваат од децата на возраст од одо 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот когнитивен развој и стекнување на општи знаења се: способност на децата да размислуваат; способност за стекнување и користење нови информации; способност за активно решавање на проблемите, зависно од нивниот развоен стадиум; способност за критичко размислување.

Во рамките на доменот Когнитивен развој и општи знаења, се разгледуваат следните стандарди:

I. СУБДОМЕН - Логика и размислување

Стандард 1: Детето демонстрира способност да истражува и открива.

II. СУБДОМЕН - Математика и броеви

Стандард 1: Детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење;

Стандард 2: Детето демонстрира способност за класификација и серијација.

III. СУБДОМЕН - Наука

Субдомен 1: Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација;

Стандард 2: Детето ги набљудува и опишува карактеристиките на живиот свет(растенија и животни);

Стандард 3: Детето ги набљудува и опишува карактеристиките на неживата природа;

Стандард 4: Детето осознава за човекот како живо и општествено суштество.

IV. СУБДОМЕН - Уметност

Стандард 1: Детето демонстрира способност да разликува

звуци/гласови;

Стандард 2: Детето демонстрира интерес за учество во музички активности;

Стандард 3: Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност.

## 3.3. Домен - Физичко здравје и моторен развој

### 3.3.1. Развој на моториката во раната возраст

Контролата над сопствениот мускулен апарат и успешното совладување на силата на телата се едни од најзначајните постигања на детето од раната возраст, што се пресудни не само за телесниот развиток, туку и за општиот развој на неговата личност. Развојот и усовршувањето, а во одредено доба одржувањето на нивото на способностите за движење, е процес што ќе трае целиот живот. Речиси целата интеракција со средината што го опкружува детето на разните развојни степени се одвива низ движење, кое во таа смисла претставува и главен лост на неговиот општ развој. За да воспостави однос на своето тела со Земјината тежа, нему му е потребно да овладее со стабилното држење; за да се движи низ просторот, потребна му е локомоторна способност, а за да дојде во активен однос со предметите, треба да ја развива манипулацијата, да се оспособи за фаќање и целисходно ракување со предметите. Наведените операции се составен дел од чинот на сензо-моторните дејности. Тој чин е најефикасното средство со кое располага човекот во приспособувањето кон средината и за дејствување врз неа на сопствен начин.

Хурлок (Hurlock[20]) вели дека ретко во кој и да е домен од својот развој, детето напредува толку многу и толку брзо како во моториката. Тоа за релативно кусо време преоѓа од состојбата во која наполно зависи од другите до фазата во која е скоро сосема независно од другите во тој поглед. Неговата

[20] Hurlock, E. B. (1990). Razvoj deteta. Beograd: Zavod za izdavnje udzbenika.

моторика веќе околу третата година достигнува значаен успех во развојот - детето е подвижно, сразмерно вешто и еластично. Меѓутоа, општиот степен на неговата телесна и рачна умешност сѐ уште е ниска.

Значајна новина на таа возраст претставува почетокот на усвојувањето на нов вид движење - ракување со разни инструменти, што значи дека врз предметот се дејствува со посредство на инструментот. Тоа бара функционирање на раката на нов начин, кој најдобро се совладува со учење според модел и благодарение на практичната дејност што детето ја извршува. Забележлив е понатамошниот развој на локомоцијата, па децата овладуваат и со скоковите. За движењата на детето се уште е карактеристично отсуството на прецизност и неумеење сѐ уште да се совлада отпорот, што ќе го усвои подоцна со преминување на учењето и на работните активности.

Способностите за движење се развиваат постепено, од рефлексните дејности, што се јавуваат кај новороденчето, но се извршуваат без негова волја, рудиментарните способности за движење (како што се: држењето на вратот и главата, трупот, потоа седењето, стоењето, лазењето и проодувањето) што детето ги постигнува до крајот на втората година, до усвојувањето и увежбувањето на основните движења (истражување и запознавање на сопственото тело и на неговите можности за трчање, скокање, фрлање, фаќање, одржување на рамнотежа итн.), што е карактеристично за возраста до поаѓањето на училиште.

Според Лескошек (Leskošek)[21] потребата од разни видови физички активности спаѓа во основните човекови потреби и особено е изразена во детството. На секој орган без обѕир на функцијата што ја извршува, неопходно му е определена, правилно дозирана и редовна активност, чие отсуство доведува до атрофија, дегенерација, како и до создавање услови за појава на болести и разорување на одделни органи. Наспроти тоа, под влијание на физичката активност организмот зајакнува, станува поприспособлив во функционален и структурален поглед, односно функционира подобро и поекономично, а неговите органи ја менуваат својата градба и форма.

Педагошката возраст е многу важна за формирањето на

[21] Leskošek, J. (1980). Teorija fizićke culture. Beograd: Partizan.

психомоторниот апарат, што зависи многу и од правилното организирање на физичкото вежбање. Тоа е погодно зашто се повеќе се појавуваат процеси на кочење (инхибација) во нервните центри, ограничувајќи ги се уште преовладувачките процеси на раздразливост (иридијација). На тој начин основните природни движења на детето се ослободуваат од излишните елементи, поради што детето посигурно оди, трча, скока итн. Со оглед на тоа што не му се неопходни прецизните движења какви што ги бара продуктивната работа, тоа неуморно троши големо количество енергија.

Моторниот развој, односно контролата на сопственото тело, има значење за детето поради повеќе причини. Моторните активности за него се извор за забава и составен дел на многу игри. Во овие активности детето ја стекнува и развива својата независност, која кај детето создава самодоверба и го прави среќно. Развиената моторика е битен услов за успешно приспособување на детето кон активностите што се организираат во градинката и подоцна во училиште, во кои им се придава големо значење на цртањето, сликањето, користењето на едноставен алат, на пишувањето и др., што бара одреден степен на моторна умешност. Поимот што детето го стекнува за себе зависи од реакцијата на врсниците за способностите искажани пред нив, а тие, најчесто, се од моторна природа.

### 3.3.2. Фактори на развитокот на моториката кај децата од предучилишна возраст

Развојот на контролата на движењата зависи од повеќе фактори, посебно од созревањето и учењето. Од една страна, тој тече напоредно со развојот на центрите за моторика во мозокот, а врз него влијае и создавањето на невралните структури, јакнењето на коските и мускулите, како и промената на телесните пропорции. Од друга страна, врз моторниот развој се одразуваат и можностите да се научи и да се извежба координираното користење на разните групи мускули. Зрелоста на невро-мускулатурниот систем ги условува дофатите на вежбањето, што, на свој начин, е многу значајно за развојот на моторните способности.

Од внатрешните фактори што влијаат врз развојот на движењата, особено е важен невровегетативниот систем во кој хипоталамусот го регулира лачењето на хормоните за растење во хипофизата, како и сите ендокрини жлезди од кои зависи функционирањето и развојот на органите и на телесните структури. Меѓу надворешните фактори спаѓаат: климата, годишните времиња, социјалната средина, начините за одржување на хигиената и исхраната. Кон нив се придружува превентивното, куративното или корективното и компензаторското влијание на воспитанието. Силата и насоката на дејствувањето на тие влијанија ги определуваат и карактеристиките на личноста на самото дете, неговиот стремеж и потреби, што се манифестираат или се стекнуваат, се оформуваат и развиваат.

Според Каменов „редоследот на совладувањето на одделни движења најмногу зависи од созревањето, искуството првенствено ќе влијае и врз брзината со која детето овладува со нив и врз нивото до кое ќе се усовршува во текот на својот развој. Созревањето е неизоставен фактор на развојот на моториката, тоа не е неговата движечка  причина, туку тоа е учењето. Тој развој кај детето е специфичен, пред сè со оглед на тоа што се остварува под влијание на воспитанието и преку усвојувањето на искуството на возрасните, а не само со натрупување на сопственото индивидуално искуство“[22].

Од надворешните фактори што влијаат врз растењето и развојот, а со самото тоа и врз развитокот на моториката, особено се споменуваат семејството и етничката заедница, полот, телесната големина и телесниот тип, изложеноста на емоционалните тензии итн. Кога тие влијанија се неповолни многу се уочливи, зашто го забавуваат моторниот развој.

Меѓу неповолните влијанија се вбројуваат: слабата телесна состојба, телесната големина, интелигенцијата, отсуството на можности за развој на мускулната контрола, недостигот на поттици за развивање на мускулната контрола, настојувањето да се развиваат специфичните движења и стравот што го предизвикува принудувањето на детето да извршува одделни движења, индукуваниот страв на родителите, карањето, исмејувањето и сл.

[22] Каменов, Е. (1988). Предучилишна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело (19-21 стр.)

Hurlock[23].

Со се поголемите разлики, во материјален и општествен поглед, меѓу природниот амбиент и урбанизираната средина во која живее денешниот човек, расте и значењето на добро организираните и секојдневно применуваните постапки во физичкото воспитување. Според Емил Каменов[24] урбанизираната средина, од една страна, наметнува повеќе ограничувања, а од друга страна, со удобностите што ги обезбедува, ја смалува потребата од движење и отпорност на организмот. Влијанието на природните фактори, по правило, е помало во таквата средина, поради загаденоста на човековата средина и поради попречувачките фактори. Затоа е потребно децата во најчувствителниот период од нивниот живот, колку што е можно, да се заштитат од неповолните влијанија и да им се обезбедат поволни услови за нормално физичко растење и развој и за унапредување на телесното и менталното здравје.

Физичкото воспитание на предучилишните деца треба да се набљудува во континуитет со физичкото воспитание на другите степени на воспитанието и образованието, зошто неговите елементи се протегаат до крајот на човековиот живот.

„Тоа воспитание е составен и неделив дел од воспитанието воопшто. Неговата улога и цел во рамките на воспитанието е да придонесе за сестраниот развој на личноста. Со телесното воспитание се придонесува за сестраниот развој на личноста на тој начин што на човекот се дејствува преку телото, а не само на телото“[25].

Бидејќи физичкото воспитание е најтесно поврзано со целокупниот развој на личноста, таа има многубројни и сложени задачи што се поврзани со сите развојни аспекти врз кои се дејствува во воспитно-образовниот процес. Една од основните задачи на физичкото воспитание е со него да се

[23] Hurlock, E. B. (1990). Razvoj deteta. Beograd: Zavod za izdavnje udzbenika.
[24] Каменов, Е. (1988). Предучилишна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело (21-23 стр.)

[25] Богосављев, М. (1986). *Методика физичког васпитања деце предшколског узраста.* Кикинда: Педагошка академија „Зора Крцалиќ-Зага“ и издавачко одељење „СТАВ“ центра за култури Кикинда (87 стр.)

влијае поволно врз растењето и развојот на организмот и да се зајакнува детското здравје. Вежбањето и движењето го поттикнуваат растењето и развитокот, предупредувајќи ги последиците од физичката неактивност, на која децата често се изложени. Со нив се обезбедува и нормалната состојба на апаратот за движење, посебно на зглобовите, врските и мускулите, што се одразува на нивната подвижност и јачина. Задачата е и да се формира правилно држење на телото, а доколку се појават некои нарушувања, тие треба да се отстранат.

Со правилното организирање и спроведување на физичкото воспитание треба да се влијае и врз челичењето на организмот - создавање на отпорност спрема променливите климатски услови. Една од задачите е и создавање и зацврстување на хигиенските навики, како во врска со личната хигиена, така и со хигиената на околината. Физичкото вежбање создава особено богати можности сестрано да се образува моториката, да се развиваат координационите елементи на моториката, да се формираат и да се зацврстуваат моторните навики и способности. Се развиваат и творечките активности и естетски се оформуваат движењата, особено преку танцот, на кое мора да му се посвети целосно внимание во процесот на физичкото воспитание[26]. Со разновидните физички активности се усвојуваат функциите на сетилните органи и се придонесува за развојот на интелектуалните способности, физичкото воспитание треба да се организира така што и овие влијанија да се остварат што поцелосно. Телесното воспитание влијае и врз формирањето на интересирањето и на смислата за убавото, поради што и на остварувањето на овие задачи во процесот на физичкото воспитание треба да им се посветува соодветно внимание.

Наведените задачи на физичкото воспитание се остваруваат на специфичен начин со децата од предучилишната возраст, земајќи ги предвид карактеристиките на телесното растење и развој.

Според Рачев, додека растењето и зголемувањето на телесната тежина се најизразени до третата година од животот, тие се малку побавни кај децата што посетуваат градинка. Нивната височина се зголемува 6-7 сантиметри

[26] Каменов, Е. (1988). Предучилишна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело (22-23 стр.)

годишно, а телесната тежина за 2-2,5 килограми. Истовремено овие деца стануваат посилни, им се усовршуваат функциите на нивниот нервен систем, а пропорциите на телото стануваат слични како и кај возрасниот човек. Карактеристичен е и развојот на способностите за движење, кој, во врска со развојот на мускулите, тече напоредно со растењето и формирањето на скелетот[27]. Прво се развиваат групите на големите мускули што се потребни за стоење, одење и други активности што се поврзани со животните потреби на детето.

Со оглед на специфичноста на растењето и развојот, најголемо внимание во физичкото воспитание на децата од предучилишна возраст им се посветува на глобалните движења, пред се на крупните мускулни групи, што претставува основа за подоцнежниот развој на специјализираните движења и дејности кои изискуваат извежбаност на ситните мускули. По навршената трета година, иако кај детето е зголемена способноста за движење, влијанието врз неговиот телесен развиток има специфичности со оглед на другите развојни карактеристики. На децата од таа возраст им одговараат краткотрајни активности, кои можат да бидат и од поголем интензитет, со оглед на тоа дека брзо се заморуваат, но и брзо се одморуваат. Поради тоа е потребно активностите да се сменуваат со одморите, како и активностите од поголем интензитет од активностите од помал интензитет или се изменет карактер.

Кога е во прашање телесното воспитание на предучилишните деца, со оглед на пластичноста на детскиот организам, треба да се истакнат извонредните можности за корективна работа во областа на физичкиот развој, пред се во спречувањето на неправилностите во држењето на телото, а доколку тие се појават, во нивното отстранување пред да се претворат во деформитет.

### 3.3.3. Методи и средства на физичкото воспитание

За овладување со моториката и за постигнување моторна спретност,

[27] Raćev, K. (red.) (1984). Fizićeska podgotovka na decata ot predućilišćna v,zrast. Sofija: Medicina i fiskultura.

потребно е специфично искуство што детето го стекнува во односот со предметниот свет и во комуникацијата со други луѓе. Моторната спретност што би се стекнувала само во допир со предметите,преку обиди и грешки, би претставувала многу неекономичен начин на учење во однос на потрошеното време и енергија, а би дал послаби конечни резултати.

Во предучилишната возраст, еден од основните методи за усвојување на движењата е учењето според модел, со имитирање, кое често се јавува во текот на играта со улоги. Во предучилишната возраст првпат се јавува и можноста да се усвојуваат движењата не само како споредни резултати од практичната дејност, туку свесно, благодарение на систематското обучување од страна на возрасните[28].

За да може детето свесно да ги усвои движењата од кои се состојат посложените моторни дејности, нему му се потребни специјални организирани вежби со битна улога на имитацијата со која детето ќе се оспособува за изведување на нови дејности. Вербалните објаснувања го забрзуваат усвојувањето на моторните дејности пред имитација. Така се зголемува ефикасноста на моторното обучување, а како и нивниот трансфер полесен.

За да може детето да напредува во своето физичко растење и развој, потребни му се и соодветни услови и поттици. Со условите, што претставуваат обезбедување на специфични средства на физичкото воспитание, се споменуваат: вежбата, природните фактори и хигиенските услови. Според Богосављев, справите и реквизитите се помошни средства со кои се дополнуваат телесните вежби за да биде поголемо и поцелосно влијанието врз организмот, а потребни се и соодветни терени и игралишта[29].

„Во условите на телесен развој на детето може да се вброи и природната мотивација за физичка активност со поттикнување, упатување и насочување на нејзиното изведување на што повисоко ниво, како и помошта кога детето ќе се соочи со пречки што не може да ги совлада самостојно. Детето обично

[28] Lisina, M., Njeverović, Z. (1998), *Razvoj motorike i formiranje motornih navika.*(175-226 стр.)
[29] Богосављев, М. (1986). *Методика физичког васпитања деце предшколског узраста.* Кикинда: Педагошка академија „Зора Крцалиќ-Зага“ и издавачко одељење „СТАВ“ центра за културу Кикинда (90 стр.)

располага со поголеми моторни способности отколку што се забележува, што доаѓа до израз дури кога ќе му се обезбедат соодветни услови и поттици што ќе предизвикаат кај него склоност да прави подвизи“[30]. Вежбањето на децата во рамките на физичкото воспитание мора да биде мотивирано, што значи поврзано со постапките и содржините што ќе ја разубавуваат нивната фантазија, желба за творечко изразување, за самопотврдување и запознавање со сопствените можности за контексти на физичката и социјалната средина.

За физичкото воспитание на предучилишното дете карактеристични се подвижните игри. Нивното влијание се дополнува и со системските вежби во кои, на стилизиран начин, се претставуваат и посебните активности што ги содржат. Често се користат и покуси прошетки и излети во природа, кои се комбинираат со игрите, преку изведување спонтани движења и развивање на творештвото во движење.

Во раните возрасти неопходно е на децата да им се овозможи стекнување на што поразновидно искуство во движењето, што ќе се вгради во општите способности и ќе влијае врз развојот на детето во целина, додека посебните вештини ќе се јават како нивен помошен производ.

Движењето треба да се посматра како единствено средство со кое детето ќе може да се изразува, да испитува, да се развива и да се запознава себеси, како и да воспоставува активни односи со околината во која живее.

Пред децата треба да се поставуваат проблеми, чие решавање бара примена, односно унапредување на одредени физички способности.

### 3.3.4. Физичкото воспитание како основа на глобалниот развој

Постојат многу податоци за тоа дека постои корелација меѓу физичкиот и менталниот развој. Постои широка поврзаност меѓу активноста на раката и церебралниот механизам[31].

Движењето е и средство за комуникација што му претходи на говорот, а подоцна успешно го дополнува. Моторното изразување ги содржи сите дејности, почнувајќи од оние што изискуваат активност на крупните мускули

[30] Hurlock, E. B. (1990). Razvoj deteta. Beograd: Zavod za izdavnje udzbenika.
[31] Hurlock, E. B. (1990). Razvoj deteta. Beograd: Zavod za izdavnje udzbenika.

до дејностите што се поврзани со активирањето на ситните мускулни групи.

Движењето, исто така, е и средство за стекнување на непосредното искуство - со манипулирање се откриваат многу особини на предметите, а сознанијата што се стекнуваат така се автентични и впечатливи.

„Правејќи движења децата доаѓаат до разновидни откритија. Самото повторување на успешните движења и постапки, за него претставува големо задоволство и придонесува уште во најраната возраст да создава позитивна слика за себе“[32].

Сензомоторните искуства до кои детето доаѓа во релациите на просторот низ кој се движи, во времето кое ги врши движењата, силата што ја користи за нив и редоследот според кој може да се структурира и да се сфаќа светот околу себе. Напоредно со развојот на забележувањето, со способноста за примање впечатоци од видливиот свет, се развива и способноста за интерпретација на тие впечатоци, за нивното толкување, средување, воопштување, и апстрахирање.

Физичките активности, исто така, повеќекратно се поврзани со сите облици на естетското изразување, како и со сите видови уметности. Музиката претставува изразување преку ритамот, мелодијата и хармонијата. Во сликарството, вајарството и архитектурата, дводимензионалниот и тродимензионалниот простор се изразува со облици, линии и бои. Танцот и балетот, исто така, ги користат овие елементи, но преку движења и ритам, поврзувајќи се со музиката. Со доближувањето на децата на разните облици на уметноста и начините што низ кои тие се изразуваат, им се овозможува да учествуваат во тој живот.

Особено во предучилишната возраст, изразувањето низ движење или понекогаш поголеми можности и позначајна улога отколку недоволно развиеното вербално комуницирање.

На крајот, треба да се спомне учеството на физичкото воспитание во социо-емоционалниот развиток на предучилишните деца. Со излегувањето од семејниот круг, тие се вклучуваат во сразмерно голем број друштвени контакти со воспитувачите, врсниците, соседите и другите личности од

[32] Каменов, Е. (1988). Предучилишна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело (28 стр.)

својата потесна и поширока средина. Тие контакти се многу значајни за нивната социјализација и емоционалниот развој.

Посебна вредност за физичкото воспитание и истовремено, за разбирање и усвојување на разни општествени улоги и одгледување на дружељубивост кај предучилишните деца, имаат разните видови подвижни игри, кои во себе содржат, покрај правилата и извесно сиже. Почитувањето на правилата во играта придонесува за стекнување на самоконтрола и дисциплина, за постепено ослободување од егоцентричноста и за одгледување на низа конструктивни волеви и карактерни особини.

„Имајќи го предвид придонесот на физичкото воспитание за одделни аспекти од развојот, како и развојот на личноста во целина, треба почесто да се зборува за воспитување низ физичкото отколку со физичкото воспитување, поаѓајќи од поимот за органското единство меѓу духот и телото, од меѓусебната зависност на организмот и средината, како и од придонесот на физичките активности за социјалниот, емоционалниот и физиолошкиот развој“[33]. Телесното воспитание се претовара во богата и разновидна активност со која не се развиваат само мускулите и координацијата на движењата, туку личноста е како целина. „Движењето што се негува со него, станува начин на кој децата се изразуваат, се исплатуваат, се усовршуваат и се интерпретираат себеси и својот однос спрема светот во кој живеат, без кое не може да се замисли сестраниот развој и учењето, особено на предучилишната возраст“[34].

Според програмската поставеност на доменот Здравје и моторен развој, „здравјето и добросостојбата на децата се клучни фактори во процесот на растењето и развојот, којшто се одвива во текот на раниот период од животот. Растот и развојот кај децата е паралелен и комплементиран процес. Но, сепак, растот се однесува на зголемување на тежината и висината, како и промена на големината на телото. Наспроти тоа, развојот се однесува на промените што настануваат во степенот на комплексноста во извршување одредени функции и стекнување одредени вештини, каде што постепено се

[33] Williams, R.M. (1978). Iznenadjujuća veza izmedju umetnosti i ućenja. *Pregled,* Amerićka ambasada, Beograd 1978/203,21-4
[34] Gallahue, D. (1988). A Conceptual approach to moving and Learning. New York, London.

оди од поедноставни до посложени промени во учењето и совладувањето нови вештини во движење на телото, во одржување на рамнотежата, во воспоставување контрола на делови од телото, како и зајакнување на сензомоторната координација“[35].

Иако моделите на промените што настануваат во текот на растењето, во принцип, се исти кај сите деца, степенот на промените се тие што покажуваат значајна индивидуална варијабилност.

Клучните вредности коишто се очекуваат од децата на возраст од 0 доб години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот „Физичко здравје и моторен развој“[36] се: физичка компетентност и добра физичка кондиција, која обезбедува висок степен на подготвеност за одење во училиште и активно учество во процесот на учење; активно учество на децата во животната околина која ги опкружува; способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

Доброто физичко здравје им дава на децата енергија и издржливост активно да учествуваат во процесот на учењето. Избалансиран моторен развој е поврзан и директно влијае и врз останатите развојни домени, како што се развојот на говорот, когнитивниот развој, социјалната компетенција и емоционалниот развој. (На пример бебињата, кога учат да лазат или одат, ја зголемуваат својата можност да го истражуваат просторот, а со тоа го поттикнуваат и нивниот когнитивен развој).

Начинот на кој децата ја развиваат својата способност да седат, одат или да ги користат сетилата влијае врз тоа како го доживуваат просторот во кој се движат, како ја осознаваат околината или како ракуваат со моливот или четката за цртање.

Моторниот развој кај децата се одвива врз основа на три принципи: цефало - каудален принцип - контролата врз мускулите започнува од горните делови на телото кон долните (бебето прво започнува да ги контролира мускулите коишто ја одржуваат рамнотежата на главата. Додека контролата на мускулите, кои учествуваат во одењето, се воспоставува најдоцна);

[35] Според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години. Скопје: Министерство за труд и социјална политика (стр. 13)

[36] Исто (47 стр.)

проксимо - дистален принцип - контролата на мускулите започнува кај оние мускули кои се поблиску до централните порции на телото (контрола на мускулите коишто го вртат вратот и главата се воспоставува порано, во однос на мускулите со кои детето фаќа и собира одредени предмети); принцип на прогресивно усовршување на финиот и грубиот моторен развој, почнувајќи од поедноставни кон покомплексни движења.

Развојниот процес кај децата, во рамките на доменот Физичко здравје и моторен развој, се одвива преку следниве субдомени :

СУБДОМЕН- Груб моторен развој со кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежата и координацијата на делови од телото при одење, трчање, скокање, качување по скали. Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди :

Стандард 1: Детето може да ја одржува рамнотежата на телото;

Стандард 2: Детето може да ги контролира деловите на телото;

Стандард 3: Детето може да се движи координирано, со цел;

Стандард 4: Детето е свесно за своето тело во однос на постоење други подвижни и неподвижни објекти.

СУБДОМЕН - Фин моторен развој со кој децата постепено стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите во изведување на попрецизни моторни активности (фаќање, пишување, закопчување, товарање, затворање, сечење). Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди:

Стандард 1: Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите;

Стандард 2: Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба.

СУБДОМЕН - Здраво и безбедно однесување со кое децата започнуваат да разбираат како дневните активности и безбедните практики влијаат брз целокупното здравје. Во овој субдомен се разгледуваат следните стандарди :

Стандард 1: Детето презема активности поврзани со лична нега и хигиена ;

Стандард 2: Детето може да препознае штетни и опасни ситуации.

СУБДОМЕН - Сензомоторен развој со кој децата го запознаваат светот околу нив, при што клучен аспект на овој субдомен е воспоставување на координација очи-раце, преку следниот стандард:

Стандард 1: Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на движењето.

### 3. 4. Субдомен - Груб моторен развој[37]

Стандард 1 : Детето може да ја одржува рамнотежата на телото

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето ја држи главата исправено. (Придржувајте го бебето под мишка, во исправена положба).

Детето ја подига главата и градите додека лежи на стомак. (Легнете го бебето на стомак и поттикнете го да ги подигне градите и главата од подлогата).

Детето се превртува од грб на стомак и обратно. (Охрабрете го бебето да се преврти од грб на стомак, за да дофати омилен предмет или играчка).

Детето легнато на стомак го влече телото нанапред со рацете. (Поставете го детето на стомак со истегнати раце нанапред, покажете му играчка и поттикнете го да се придвижува во влечење на телото).

6 - 18 месеци

Детето седи на столица, исправено, без придржување. (Седнете го детето на столи зборувајте му со лицето свртено кон него.)

Детето лази на раце и колена кон сакан предмет. (Охрабрете го детето да се придвижи со лазење кон омилената играчка; Обезбедете доволно простор за брзо лазење).

Детето самостојно оди исправено. (Охрабрете го детето самостојно да оди од еден до друг предмет; Обезбедете услови за детето секојдневно да се

[37] Анализата на субдомените од доменот Здравје и моторен разов е направена според Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика (60 стр.)

движи во двор или во соба, со постојан надзор).

Детето се наведнува под маса за да земе играчка и повторно се исправа, без помош од возрасен. (Охрабрете го детето да ја земе играчката која е поставена под масата).

18 - 24 месеци

Детето се качува и симнува од кревет самостојно. (Охрабрете го детето да земе предмет или играчка со качување и симнување од креветот).

Детето во исправена положба фрла топка над главата без паѓање. (Охрабрете го детето да ви ја подаде топката со фрлање преку глава).

Детето се качува и симнува по скали, поставувајќи ги двете стапала на една скала со придржување. (Обезбедете услови за физичка активност поврзана со качување и симнување по скали или импровизирани препреки. Придржувајте го детето со една рака додека се качува и симнува по скалите).

Детето самостојно прави неколку чекори station наназад. (Застанете зад грбот на детето и поттикнете го да ви се приближи со чекорење наназад).

2-3 години

(24 - 36 месеци)

Детето оди на прсти на кратко растојание. (Охрабрете го детето да направи неколку чекори на прсти, без да загуби рамнотежа).

Детето скока на една нога нанапред. (Охрабрете го детето да прескокнува ниска препрека со едната нога (нацртајте линија и поттикнете го детето да ја прескокне со едната нога или да прескокне некоја мала препрека - вир со вода, камен)).

Детето оди по работ на тротоарот, без да се заниша или падне. (Поттикнете го детето да оди по работ на тротоарот, ако има потреба, придржувајте го на почетокот).

3-4 години

(36 - 48 месеци)

Детето одржува рамнотежа при трчање. (Вклучете го детето во натпреварувачки игри во трчање).

Детето се движи нанапред и наназад со леснотија. (Обезбедете му на

детето безбеден простор за да може да ги практикува овие движења).

Детето шутира подадена топка нанапред. (Вклучете го детето во игра која се состои од шутирање топка кон препрека (ѕид) или друго дете).

Детето оди по тенка греда со исправени раце без да се заниша. (Обезбедете греда или импровизирајте од мали столчиња (наредете ги во низа) и поттикнете го детето да оди по нив нанапред или со странично чекорење).

4-6 години

Детето трча стабилно и брзо, со ретки падови. (Обезбедете услови за комплексна физичка активност со трчање, одење, скокање, качување).

Детето скока наназад со една нога. (Организирајте разни натпревари во скокање и трчање во надворешен простор).

Детето покажува висок степен на контрола на рамнотежа при сложени локомоторни движења (трчање, качување, скокање, прескокнување.) Овозможете му на детето подолг престој во надворешна средина (во природа или на спортски игралишта) и поттикнете го да тренира одредени индивидуални или групни спортови.

Стандард 2 : Детето може да ги контролира деловите од телото

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето ги движи рацете кон устата. (Дајте му играчка во рака и набљудувајте го како ја придвижува кон устата).

Детето ги исправа и свиткува нозете и рацете додека лежи на грб. (додека бебето лежи на грб, нежно фатете го за едната, па за другата нога, така што тоа мора да ја тегне или турка ногата за да ја ослободи).

Детето префрла предмет од една во друга рака. (Дајте му на детето да држи предмет во едната рака и поттикнете го да го префрли во другата рака).

Детето ја подигнува едната нога додека лежи на грб и го става стапалото во уста. (Поставете го детето на грб, подигнете му ја едната нога и поттикнете го да ја опфати со рацете и да ја придвижи кон устата).

6- 18 месеци

Детето ги користи и рацете и нозете за промена на положба на телото. (Подајте му на детето топка, додека е во седната положба, охрабрувајќи го да ја фати топката).

Детето се исправа од седната или легната положба, користејќи ги сите четири екстремитети. (Поттикнете го детето да стане само од легната или седната положба).

Детето се качува од подот на кревет или на друг низок дел од мебелот, без поддршка од возрасен. (Охрабрете го детето да земе предмет или играчка со качување и симнување од креветот).

18 - 24 месеци

Детето оди и стои исправено, со стеснета база помеѓу нозете. (Дајте му инструкција на детето да ви донесе некој предмет од друга просторија).

Детето се придржува за раката на возрасен и со едната нога шутира топка нанапред. (Придржувајте го детето за рака и поттикнете го да ја шутне топката со една нога нанапред).

2 - 3 години

( 24 - 36 месеци )

Детето оди и трча со промена на брзината и правецот на трчање. (Поттикнете го детето наизменично да оди и да трча).

Детето врти педали на велосипед, користејќи ги двете стапала истовремено. (Поставете го детето на велосипед и поттикнете го да ги придвижи педалите).

Детето се качува и симнува по скали со алтернативни чекори. (Охрабрете го детето да се качува и симнува по скали).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето скока нанапред со споени стапала. (Охрабрете го детето да скокне од првата скала, држејќи ги нозете споени при скокот. Организирајте натпревар во скокање со споени стапала (врзани стапала), во двор или во некоја друга поголема затворена просторија).

Детето ја шутира топката нанапред и фаќа подадена топка. (Организирајте игри во дворот со шутирање и фаќање топка или други предмети за додавање).

Детето игра тенис, пинг - понг и други видови колективни и индивидуални спортови (фудбал, кошарка). (Овозможете простор или носете го детето на игралиште каде што може рекреативно да спортува конкретни спортови ;

Спортувајте со детето заедно, како партнери, или како дел од спортски тим).

4 - 6 години

Детето се качува и симнува со леснотија на разни направи за вежбање во дворот или собата. (Обезбедете можност и поттикнете го детето да користи разни направи за вежбање).

Детето изведува локомоторни активности и ги координира движењата, во комбинација со разни физички направи (качување по јаже, шутирање топка со раце и нозе, користење клацкалки, направи за истегнување, лизгалки...)(Овозможете му на детето да престојува во простории или игралишта каде што има изобилство на направи или во природа каде што може да користи природни елементи за оваа активност (дрва, планина, качување по стрмни карпи).

Стандард 3 : Детето може да се движи координирано со цел

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето ја врти главата кон изворот на светлина или звук. (Приближете му се на бебето со некој слаб извор на звук (звучна играчка или шушкање на

хартија).

Детето го придвижува телото и рацете кон покажан предмет. (Подајте му на бебето омилена играчка или предмет и следете како ги придвижува телото и рацете кон предметот).

Детето посегнува кон испуштен предмет додека седи. (Фрлете ја играчката и поттикнете го бебето да посегне по неа со телото).

6- 18 месеци

Детето се исправа од седечка во стоечка положба. (Охрабрете го детето да се исправи и да дофати некој предмет или играчка поставена високо (на масата)).

Детето се подигнува на прсти за да дофати некој предмет, поставен на висина. (Поттикнете го да ја земе играчката поставена на маса).

Детето се качува на стол и седнува самостојно. (Замолете го детето да седне на стол покрај масата за јадење).

18 - 24 месеци

Детето го менува правецот на движење со цел. (Замолете го детето да донесе некој предмет, кој е надвор од правецот на неговото движење).

Детето турка и влече предмети додека оди. (Дозволете му на детето да влече или турка некоја омилена играчка).

Детето клекнува за да види што има под маса и повторно се исправа. (Поттикнете го детето да клекнува и да се исправа, во игра со скриен предмет).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето се движи во отворен и затворен простор и совладува препреки за да истражува (трча и прескокнува мали препреки). Охрабрете го детето да се движи во простории со совладување одредени препреки (качување, потскокнување, ползење).

Детето ги става стапалата на педалите и ги врти педалите на велосипедот, паралелно, со двете стапала. (Овозможете му на детето да врти педали на велосипед или некоја друга влечна играчка).

3 - 4 години

(24 - 36 месеци)

Детето го забрзува и успорува одот кога е потребно. (При шетање на отворен простор, дајте му инструкции на детето за да го следи вашето темпо на одење).

Детето го движи телото и екстремитетите според такт на музика. (Пуштете некоја музика и охрабрете го детето да го движи телото според тактот на музиката).

Детето пренесува големи кутии или други предмети од едно на друго место. (Организирајте натпреварувачка игра со носење кутии во рацете).

4- 6 години

Детето го поставува телото и екстремитетите во позиција за да имитира некого или нешто. (Замолете го детето да имитира одење или танцување на некоја позната личност или да имитира некое животно).

Детето комбинира секвенци на неколку моторни движења на организиран начин (се врти околу оската на телото, потскокнува на една или две нозе, прави креативни движења според такт на музика). Охрабрете го детето да се вклучува во танцувачки активности.

Стандард 4: Детето е свесно за своето тело, во однос на постоење други подвижни и неподвижни објекти

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето се одбива со нозете од тврда подлога додека е во исправена положба. (Држете го бебето во исправена положба под рацете и потпирајте го на цврста подлога).

Детето, поставено во седечка положба, спонтано се потпира station наназад. (Седнете го детето на кревет или фотелја со потпирач и постепено отпуштајте го и поттикнете го да се потпре на грбот).

6- 18 месеци

Детето го прекинува движењето пред поставена пречка. (Овозможете му на детето да се движи во простор каде што има препреки).

Детето заобиколува поставена пречка при одење. (Поставете некоја пречка во собата или во дворот и поттикнете го детето да оди брзо кон пречката и да ја заобиколи без да се удри во неа).

18 - 24 месеци

Детето оди исправено и се протнува под маса. (Дајте му инструкции на детето да остави или да земе одреден предмет или играчка под маса).

Детето заобиколува поставени пречки. (Наредете столици (или некои други предмети) во низа со растојание и поттикнете го детето да дојде до крајот на низата со заобиколување на столиците, во цик-цак линија).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето се движи во просторот без да удира во делови од мебелот. (Овозможете му на детето да се движи слободно во затворен простор во кој има делови од мебел, кои тоа успешно ги заобиколува).

Детето го намалува или забрзува одењето (престанува или успорува со одењето ако наиде на некоја препрека - дрво, дел од мебел, друго дете...). (Овозможете му на детето да престојува во отворен простор погоден за физички активности (трчање, брзо одење...).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето го заобиколува подвижниот предмет при одење. (Следете го детето при шетање на отворен простор и поттикнете го да се разминува со останатите пешаци).

Детето се поттргнува за да не удри во друго другарче за време на танцувачки активности. (Организирајте танцувачки активности и поттикнете го детето да се движи во ритамот на музиката; Организирајте танцувачки игри во парови и охрабрете го детето да танцува без да го гази или да се удира во другарчето).

4- 6 години

Детето заобиколува подвижни и неподвижни предмети при трчање. (Поттикнете го детето да трча околу некое дрво или некој друг предмет, без да го допре).

Детето учествува во игри со препреки (под и над препрека). (Поставете препреки во вид на скали или кругови и дадете му на детето инструкции да ги совлада со прескокнување или наведнување).

Детето прескокнува повисоки препреки при трчање. (Поттикнете го детето да ги совладува препреките при трчање).

## 3. 5. Субдомен - Фин моторен развој

Стандард 1: Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето посега со дланката по даден предмет. (Додека бебето седи потпрено на кревет, подадете му некоја омилена играчка или предмет).

Детето ја држи цврсто тропалката во дланката. (Подадете му ја тропалката на бебето, тоа ја грабнува со целата дланка).

Детето зграпчува со дланката подаден предмет, го држи и по извесно

време го пушта подадениот предмет. (Овозможете му на детето пристап до предмети и играчки кои може да ги дофати и да ги држи во рацете. Подавајте му предмети и играчки).

Детето плеска со дланките. (Поттикнете го бебето да плеска со дланките).

Детето префрла еден објект од една во друга дланка. (Поттикнете го да ја префрли играчката во другата рака).

6- 18 месеци

Детето фрла подадена топка со двете дланки. (Дофрлете му на детето некоја мека топка и поттикнете го да ви ја врати назад).

Детето ја држи чашата со двете дланки и пие самостојно. (Подадете му на детето пластична чаша со вода и дадете му инструкции да се напие).

Детето превртува страници од книга (обично 2-3 страници одеднаш). (Седнете покрај детето и покажете му како се вртат страниците од некоја детска книга, дозволете му самостојно да ја повтори оваа активност).

Детето цеди натопен сунѓер, со стегање на сунѓерот со сите прсти од едната дланка. (Поттикнете го детето да си игра со сунѓерот додека се бања и охрабрете го да се исцеди со стегање на прстите на дланка).

18 - 24 месеци

Детето раздвојува и спојува едноставни играчки. (Покажете му на детето како да се спојува и раздвојуваат едноставни играчки или предмети за општа употреба (раздвојување на капакот и тенџерето).

Детето го витка рачниот зглоб во сите правци (отвора квака, одвртува квака...). Овозможете му на детето пристап до разни предмети и играчки, со кои честопати ќе ја прави оваа активност).

Детето ја опфаќа подадената чаша со прстите од едната рака или ја опфаќа рачката со свиткување на прстите. (Подадете му чаша со рачка или без рачка и поттикнете го да ја опфати со едната рака).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето вади и става поситни предмети во корпа. (Дајте му корпа со поситни предмети на детето и поттикнете го да ги вади и повторно да ги враќа назад во корпата).

Детето гради кула од 5 - 7 коцки. (Дајте му инструкции на детето како да ги нареди коцките една на друга, во вид на кула).

Детето ги користи палецот и показалецот при држење на молив, фломастер и маркер. (Овозможете му на детето пристап до разни моливи и поттикнете го да ги придржува со палецот и показалецот).

Детето откопчува и закопчува паричник или чанта со нитни. (Поттикнете го детето да откопчува и закопчува нитни на разни предмети) (паричник, чанта, чевли, облека...).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето ја држи топката со двете дланки над главата и ја фрла нанапред. (Детето ја држи топката со двете дланки над глава и добива инструкции да ја префрли преку главата, кон одредена цел (стоечки кош, корпа итн)).

Детето реди сложувалки од 8 парчиња. (Дајте му на детето ситни предмети за да ги нареди еден до друг, користејќи го палецот и показалецот).

Детето превртува страници од книга, лист по лист. (Овозможете му на детето пристап до сликовници (книги, весници) со тенки листови и поттикнете го да ги прелистува страниците една по една.)

Детето откопчува и закопчува копчиња на облека. (Дозволете му на детето активно да учествува во облекувањето, да ги закопчува копчињата и патентите на облеката, доколку ги има).

Детето држи молив со палец и показалец и црта линија во зададена форма. (Нацртајте круг или друга форма и поттикнете го детето самостојно да ја нацрта).

4- 6 години

Детето ја користи доминантната рака во секојдневните активности (држи лажица, молив). При подавање предмет, секогаш правете го тоа од средина, детето само одредува со која рака полесно се служи).

Детето дофаќа фрлена мала топка со едната или со двете дланки. (Дофрлете му мала топка и дајте му инструкции да ја дофати со една дланка).

Детето држи ножички со едната рака и сече хартија по зададена линија (во круг ). (Охрабрете го детето да ја исече хартијата по зададената линија).

Детето истиснува густа содржина од туба со лепак, паста за заби, пластелин, темперни бои). (Дозволете му на детето самостојно да користи разни туби и да ја истиснува содржината со една рака).

Стандард 2 : Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето држи мали предмети во двете дланки и ги удира едни од други. (Дадете му на бебето да држи играчки во двете дланки и поттикнете го да ги удира една од друга).

6- 18 месеци

Детето држи предмет/играчка во едната дланка и игра со неа со другата дланка. (Додека ја држи куклата со едната дланка, охрабрете го детето да ја чешла или да и ја вади и става капата со другата дланка).

Детето собира мали предмети од масата со палецот и показалецот. (Поставете го детето на маса на која има помали играчки и поттикнете го да ги фаќа прстите од дланките. Поттикнете го да ги собере расфрлените поголеми ронки леб на масата на едно место).

Детето го држи фломастерот (маркерот) со стегната дланка во вид на тупаница и се обидува да чкрта на листот. (Дајте му на детето дебел фломастер или маркер (соодветен на возраста) и поттикнете го да го опфати

со сите прсти и да направи неколку потези на лист хартија).

18 - 24 месеци

Детето опфаќа помали предмети со прстите од едната дланка и ги става во поголем сад. (Охрабрете го детето да ги собере истурените јаболка во поголема чинија (тенџере)).

Детето одвртува и завртува играчка на навивање со една рака, користејќи ги сите прсти на дланката. (Овозможете му на детето пристап до разни играчки или предмети на завртување и поттикнувајте го почесто да манипулира со нив).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето ги собира играчките од под со дланките и прстите. (Дајте му инструкции на детето да ги собере играчките и да ги стави во корпата за играчки).

Детето ги разглобува и повторно ги составува деловите од играчките или предметите (вади капаче од фломастер, отвора и затвора кутија). Обезбедете доволно предмети и играчки кои се склопуваат и расклопуваат во околината каде детето игра и се движи).

Детето ја држи кутијата со едната дланка, а со другата ја полни со помали предмети. (Овозможете му на детето пристап до вакви предмети и поттикнувајте го да ги користи прстите и дланките одделно).

Детето ги користи дланките и прстите на двете раце за да ракува со ножичка. (Подајте му на детето ножичка и поттикнете го да ја отвора и затвара со двете дланки).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето ја отвора и затвора чешмата. (Поттикнете го детето да ја отвори чешмата, да наполни сад со вода и да ја затвори чешмата).

Детето одвртува и завртува капаче од шише. (Дозволете му на детето да одвртува и завртува капачиња од шише).

Детето го одвртува капачето од шишето, го истура сокот во чаша и ја држи чашата со една рака за рачка. (Дозволете му на детето да ракува со предмети за секојдневна употреба (отворање, затворање, употреба на прибор за јадење).

4- 6 години

Детето самостојно и правилно го користи приборот за јадење. (За време на оброкот, поттикнете го детето да користи прибор за јадење. Поттикнете го детето да учествува во подготовката на оброкот, како нанесување путер или мармалад на леб, ставање млеко, сок или вода).

Детето ги облекува чевлите со заврзување на врвките. (Дозволете му на детето само да ги облекува чевлите, да ги заврзува врвките или закопчува копчињата).

Детето тура вода од една во друга чаша, без да истури, или од чаша во шише со пошироко грло. (Поттикнете го детето на активности со претурање течности од еден во друг сад).

Детето тура супа или друга течност со лажица од тенџере во чинија или во чаша. (Охрабрете го детето активно да учествува во подготовките на оброците или во активностите поврзани со ракување со секојдневните предмети и садови).

### 3. 6. Субдомен - Здраво и безбедно однесување

Стандард 1: Детето презема активности поврзани со лична нега и хигиена

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето си игра додека се бања. (За време на бањањето дозволете му на бебето да игра во водата).

Детето реагира на дојката на мајката кога е гладно. (Понудете му да цица секогаш кога е вознемирено или плаче).

Детето покажува со прст или ја дофаќа храната кога е гладно. (Покажете му ја омилената храна кога е гладно).

6- 18 месеци

Детето ги држи рацете под млаз вода за да ги мие рацете со помош на возрасен. (Поттикнете го детето да ги измие рацете пред оброк и дајте му инструкција тоа секогаш да го прави пред оброк и после користење на тоалет).

Детето ги мачка рацете со сапун и меѓусебно ги трие. (Подајте му сапун на детето, покажете му како се користи и оставете го само да ги измие рацете; Повторувајте ја оваа постапка често и поттикнете го да ја извршува самостојно).

Детето користи лажица за време на јадење. (Охрабрете го детето да ја држи лажицата во рака и со неа да црпи од содржината во чинијата. Охрабрете ја желбата на детето самостојно да јаде).

18 - 24 месеци

Детето ги четка забите со четкичка за заби со помош на возрасен. (Дозволете му на детето да користи четка за заби и дајте му инструкција како тоа се прави).

Детето седи на маса за време на оброкот. (Поттикнете го детето да седи на маса додека јаде со останатите членови на семејството или на групата).

Детето ги става рацете во ракавот на палтото и помага при негово облекување. (Поттикнете го детето самостојно да облекува поголеми парчиња од неговата облека (палто, блуза, панталони).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето ги мачка рацете со сапун, ги плакне со триење и самостојно ги брише. (Надгледувајте го детето додека ги мие рацете во тоалетот).

Детето самостојно користи тоалет со минимална помош. (Поттикнете го детето да ги извршува своите физиолошки потреби самостојно или со минимална помош, ако се работи за непозната и нова околина).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето самостојно ги мие рацете, лицето и телото. (Охрабрете го детето само да се бања и надгледувајте го додека се бања или мие делови од телото).

Детето го брише носот и го фрла хартиеното марамче на соодветно место. (При настинки, кивавици и кашлање, поттикнете го детето да користи марамче за да го избрише носот и потоа да го фрли на соодветно место).

Детето самостојно ги мие забите со паста и четка за заби. (Овозможете му на детето секојдневно да користи четка и паста за заби).

4- 6 години

Детето ја покрива устата и носот кога кашла. (Поттикнете го детето да ги покрива устата и носот со раката кога кашла).

Детето самостојно ги извршува своите физиолошки потреби, внимавајќи на хигиенските правила (се брише, пушта вода, мие раце...). (Поттикнете го детето самостојно да користи тоалет).

Детето ја средува собата или просторот во кој игра. (Замолете го детето да си ги раскрене играчките, да ги стави на место и да го среди просторот во кој престојува).

Помогнете му на детето во оваа активност.

Пофалете го.

Стандард 2 : Детето може да препознае штетни и опасни ситуации

0 - 2 години

0 - 6 месеци

Детето плаче (се вознемирува) при нагло зголемување на врева во просторијата. (Приближете му се на детето и обидете се да го смирите).

6- 18 месеци

Детето отстранува дел од облеката ако му е топло. (Помогнете му на детето да го отстрани вишокот облека ако чувствува топлина или да облече дополнителна облека ако чувствува студ).

Детето реагира на забрана од возрасна личност, но има потреба од дополнителна помош. (Демонстрирајте прецизни ограничувања за допир на опасни предмети. (Пр. Објаснете му дека некои работи се премногу топли за да ги допира).

18 - 24 месеци

Детето ја држи раката на возрасната личност при шетање на јавни места (на пр. улица). (Додека се движите по улица со детето, фатете го за рака и објаснете му ги правилата за безбедност).

Детето препознава некои знаци на болест (болка, чувство на ладно, чувство на топло). (Реагирајте соодветно кога детето покажува некакви знаци на болка или нелагодност).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето ја предупредува возрасната личност ако чувствува болка или друга нелагодност. (Разговарајте со детето за основните знаци на болест (болка, кашлање) и објаснете му зошто е важно на време да ве предупреди, доколку такво нешто постои).

Детето бара нов прибор за јадење ако му падне на земја. (Одговорете соодветно на барањето на детето и разговарајте со него за предностите од користење чист прибор за јадење).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето го разбира значењето на боите на уличните семафори. (Објаснете му го на детето значењето на боите на семафорот и практикувајте го тоа при секое поминување на улица).

Детето препознава знаци на опасност (сирени на пожарникарска, полициска која или кола за брза помош). (Разговарајте со детето за улогата на сирените коишто ги користат овие коли).

4- 6 години

Детето внимателно поминува улица во придружба на возрасна личност, откако гледа во двата правца на улицата. (При поминување на улица дајте му инструкција на детето да погледне во двата правца на улицата и безбедно да ја помине).

Детето познава штетни и појасни навики по здравјето. (Користете слики и илустрирани книги каде што се презентираат ризични однесувања (пушење, пиење алкохол, возење велосипед без кацига) и разговарајте со детето за овие практики).

### 3. 7. Субдомен - Сензомоторен развој

Стандард 1 : Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус ) за регулирање на движењето

0 - 2 години

(0 - 6 месеци)

Детето ја врти главата кон извор на звук. (Тропнете со звучна играчка зад бебето).

Детето посегнува по подадена играчка и ја става во уста. (Подадете му гумена играчка на бебето).

Детето се обидува да дофати предмет кој е во движење. (Поттикнете го

детето да дофати некоја играчка или предмет од негов интерес додека се движи (разни подвижни играчки или предмети)).

6- 18 месеци

Детето ја повлекува раката при допир на топол предмет. (Подајте му чаша со топол напиток и дајте му инструкции внимателно да ја допре, бидејќи е топла).

Детето става шупливи играчки една во друга. (Обезбедете разни шупливи играчки и предмети со разна големина и поттикнете го детето да ги става една во друга).

Детето реди една коцка врз друга и потоа ги растура. (Овозможете му на детето да има пристап до коцки со разна големина и поттикнете го да ги става една врз друга).

18 - 24 месеци

Детето реагира со гримаса при пробување одредена храна. (Понудете му ја на детето омилената храна).

Детето протнува помал предмет во поголем отвор со соодветна форма. (Овозможете му на детето пристап до разни играчки или предмети кои се во разни форми и поттикнете го да ги става една во друга).

Детето истура вода од помал во поголем сад. (Дајте му на детето 2 сада со разна големина, наполнети со вода и поттикнете го да ја претура водата со помала чаша од еден во друг сад).

2 - 3 години

(24 - 36 месеци)

Детето имитира движење на познато лице или некое домашно милениче. (Играјте со детето имитација на одење или карактеристично движење на некоја позната личност или некое домашно милениче).

3 - 4 години

(36 - 48 месеци)

Детето имитира звук на некои музички инструмент кој го свири друг. (Поттикнете го детето да имитира звук на некој музички инструмент).

Детето го врти погледот за да следи нешто, а не вратот. (Повикајте го детето да следи некоја активност лево или десно од него).

Детето наденува предмети во мали дупки (реди бројаници...). (Овозможете му на детето пристап до предмети и играчки со кои прави низи, реди реденки со поситни делови, ги расклопува и повторно ги склопува...).

4- 6 години

Детето гледа во своите раце при изведување креативни движења. (Овозможете му на детето да има пристап до разни материјали и играчки за градење на кули, сложувалки, тесто, пластелин, хартија и прибор за цртање, и боенки).

Детето црта зададени фигури со голема прецизност. (Овозможете детето да има пристап до моливи, боички, креони, креди и дајте инструкции за цртање на одредена тема).

Детето изведува креативни конструкции од разновиден материјал (конструктивен, ликовен, манипулативен). (Овозможете му на детето пристап до разни конструктивни, манипулативни и ликовни материјали).

## 4. Современи пристапи во реализација на стандардите за физичко здравје и моторен развој кај деца од 4 до 6-годишна возраст

Во средната група (деца од 4 до 5-годишна возраст)

Оперативни задачи

- Да се создаваат навики за самостојно и редовно миење на рацете и лицето по завршената физичка активност;
- Да умеат самостојно да се облекуваат по вежбањето;

- Да се влијае врз развивањето и јакнењето на целокупната мускулатура и да се формира правилно и природно држење на телото;
- Да се развиваат основните движења во посложени ситуации и да се зголемуваат моторичките способности;
- Да се развива смислата за работа во колектив (дружељубивост и социјализација) со примена на колективни игри;
- Да можат да одат по разновиден терен напред и назад;
- Да можат да стојат и скокаат на една нога;
- Да можат да слегуваат и да се качуваат по скали без придржување;
- Да можат да ја следат музиката со движење;
- Да се создава навика за организирано постројување и движење во група.

**Содржини**

**Вежби за развивање на одделни мускулни групи**

А) Вежби за развивање на мускулите на рамениот појас:движење на рацете-кревање, спуштање, ширење и собирање на рацете во разни насоки, кружно движење на рацете, пред телото и покрај телото, движење на главата напред, назад, на страна и кружно движење.

Б) Вежби за развивање на грбните мускули: наведнување на трупот напред, назад и во страна со рацете поставени на половина, зад тил и раширени во страна, изврtување (усукување на трупот) во десно и лево, со рацете на половина, раширени во страна и зад тил. Овие вежби да се изведуваат во стоечка положба и со седење, во лежечка положба на стомак, кревање на трупот без помош на рацете и пресметување на тркалање разни предмети.

В) Вежби за развивање на стомачните мускули: кревање на двете нозе во седната положба со рацете покрај телото, имитирање возење велосипед, од седечка положба, легнување на грб и повторно станување, од лежење на грб со испружено тело и раце на главата истовремено собирање на нозете и дигање на трупот се доаѓа во седење во згрчена положба со рацете ги опфаќа

потколениците.

Г) Вежбите за развивање на мускулите на нозете и стапалата: поскоци со двете нозе во место, напред- назад и во страна; поскокнување во клекната положба, од стоечка положба спуштање во клекната положба со бавно и брзо темпо. Одење бос по нерамен терен (чакал, песок и др. ), високо подигање на предниот дел на стапалото, одење на предниот дел на стапалото, одење на внатрешниот и надворешниот дел на стапалото и на петици, фаќање и дигање разни предмети со прстите на нозете, туркање хартија и др.

## Развивање на основните движења

Одење: слободно одење, одење со долги и кратки чекори, одење со брзо и бавно темпо, одење со високо подигање на колената, одење во наведната положба, одење во клекната положба, одење на намалена површина, одење напред и назад, одење по рамни и нерамни терени, одење преку пречки и по такт или во придружба на музика.

Трчање: слободно трчање,трчање по рамен терен, трчање по нерамен терен, трчање со бавно и брзо темпо, преку пречки, околу разни предмети, трчање нагоре и надолу по коса падина, поединечно и групно трчање по одреден такт.

Скокање: потскокнување со двете нозе во место, напред-назад и во страна, прескокнување ниски пречки, скокање од еден во друг простор ( обележани кругови или од душек на душек), скокање со цел да се дофати некој предмет, скокање со одраз на едната и на двете нозе, скокање во длабочина од височина 50см на мека подлога, пресокнување ниски грмушки и други предмети, прескокнување ендечиња или преку две обележани линии со затрчување и со одраз со едната нога.

Качување: качување со раце и нозе на разни справи и предмети. Качување на ниско дрво, високо до 1 метар, качување на косо поставен дирек (добро прицврстен- стабилен), качување на рипстол и молерски скали.

Лазење: слободно лазење на стомак, на грб и на бок (страна), со помош на раце и нозе, лазење само со помош на раце, лазење напред, назад и во круг, околу разни предмети, на грб и глава.

Прескокнување: меѓу, под и низ разни предмети и пречки, во исправена положба, наведната, четириножечки, со лазење поединечно, во двојки и во групи, провлекување со носење лесни предмети на грб, провлекување под нозе на повеќе расчекорени деца застанати во колона, провлекување под раце на две редици, провлекување низ обрачи и сл.

Тркалање: (движење околу надолжната оска на телото); тркалање на едната и на другата страна со рацете прибрани до телото, со рацете над главата, со држење топка или вреќичка во раце, тркалање по рамна и по блага косина поединечно и групно.

Фрлање, фаќање: фрлање разни предмети со едната и другата рака.

## 4.1. Игри и активности за поддршка во реализација на стандардите за физичко здравје и моторен развој кај деца од 4 до 6-годишна возраст

Локомоторни активности и игри[38]

Во ова поглавје прикажани се активности игри кои им помагаат на децата за запознаат и усовршат многубројните начини на кои го движат своето тело, вклучувајќи го одењето, брзо одење, трчање, скокање, потскокнување, прескокнување, и лазење. Повеќето активности во останатите поглавја се во склад со теоријата на шеми по тоа што нудат бројни варијанти на дадените вештини. Во другите игри се користат овие вештини преку многу активни, забавни и општи вежби. Во секој случај, важно е секоја активност прво да се воведе со претставување на општите идеи. На пример „ќе ја играме играта со фрлање и фаќање“,или „Следната игра ќе биде трчање и фаќање“. Суштината е во тоа да се оди од крупните кон ситните детали. Кога и да е тоа можно, прескокнувам едно или две помалку битни правила на играта до првата пауза за да им оставам на учениците време да створат општа слика.

Децата одлично ќе се забавуваат и потат преку овие активности кои следат!

[38] Dienstmann, R. (2013). Igre za motoricko ucjenje. Превод: Vesna Radovanovik. Beograd: DATA STATUS, (31-330 стр.)

МРДАЈ И ЗБОРУВАЈ

ВЕШТИНИ: Разни локомоторни и друштвени вештини

РЕКВИЗИТИ: Забавна музика

ФОРМА: Слободна

ОПИС:О ва би можело да биде првата локомоторна активност во годината. Забавна е, има многу варијанти, а децата можат малку подобро да ги запознаат своите другари од групата.

~Зададете им на децата некоја локомоторна задача, како што е трчање, потскокнување, галопирање, лизгање, жабји скокови, брзо одење, успорено трчање, смешно играње, смешно одење, потскокнувања, одење како мумија или пливање низ воздух и објаснете дека тие движења треба да се изведат со музика. Пуштете музика.

~ Кога ќе престане музиката- после 20 до 30 секунди - секое дете брзо да побара најблизок партнер.

~ Паровите во тишина се ракуваат, а потоа ги слушаат вашите упатства. Зададете им некоја тема за разговор (видете ги примерите на крајот на ова упатство).

~ После 10 до 15 секунди од дискусијата зададете им нова локомоторна команда и кажете „Сега!“.

~ Секој пат кога ќе престане музиката децата мораат да се ракуваат со друг партнер. Никогаш не смеат да свртат грб на оној што доаѓа накај нив да се ракува. Пред почетокот објаснете ги општите вештини кои се потребни за оваа активност.

~ Еве примери за темата МРДАЈ И ЗБОРУВАЈ:

1. Твоето име и презиме и каде си роден
2. Најдобрата работа што си ја направил во текот на летото
3. Име и презиме на твоите родители и со што се занимаваат
4. Што најмногу сакаш да правиш после училиште
5. Твојата омилена книга
6. Што би сакал да работиш кога ќе пораснеш
7. Твоето омилено место на кое одиш

8. Што најмногу сакаш да правиш на одмор
9. Ден во училиште кој најмногу го паметиш

БЕЗБЕДНО ТРЧАЊЕ

ВЕШТИНИ: Безбедно трчање помеѓу другите; ориентација за простор

РЕКВИЗИТИ: Нема

ФОРМА: Неправилна

ОПИС: И ова е активност која треба да се воведе на почетокот на годината. Затоа што сум видел толку многу судрувања во фискултурната сала ја измислив оваа активност за да им го всадам осетот за тоа кога е погодно и безбедно да трчаат помеѓу другите играчи, а кога треба да бидат посебно внимателни.

~Кажете им на учениците да одат по салата или игралиштето и да бараат простор за себе (места со помалку играчи).

~Кога ќе пронајдат отворен простор да почнат со брзо одење; кога ќе се приближат до некого или на нив некој им се приближи мораат да успорат.

~Колку повеќе има луѓе околу нив, мораат поспоро да се движат; колку помалку има други, побрзо да се движат.

~Правилата нека бидат построги! Ова активност најдобро се изведува во тишина; објасните го значењето на оваа вештина за понатамошно уживање на часовите по физичко.

~Повторете ја оваа активност само на половина од салата или игралиштето.

~Повторно почнете ја активноста, овој пат користите трчање или брзо трчање по целата сала или игралиште, а потоа само на половината.

~Повторете ја оваа активност неколку пати на почетокот на годината; треба да трае околу пет минути.

Манипулативни активности и игри

Првата активност во ова поглавје, „Комбиниран пристап учење на вештините“ ,илустрира еден пристап на учење на вештини неопходни за учествување во игрите и активностите. Можете да ја користите како рамка

која теоријата на шеми (види 1. Поглавје) ќе се вгради во вежбите со своите ученици. После неа доаѓаат активности и игри кои овозможуваат децата да истражуваат и развиваат одреден однос спрема секој реквизит пред да се побара од нив да го употребат како би ги изведеле специфичните техники (видете „Истражување на реквизити„ на страна 58). Следните игри ги опфаќаат елементите на соработка, мал ментален напор и разновидни вежби. Учениците ќе имаат многу прилики да развиваат специфични вештини како што се фаќање, фрлање, шутирање и дриблање додека учествуваат во игрите од ова поглавје.

КОМБИНИРАН ПРИСТАП УЧЕЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ

ВЕШТИНА: Било која одбрана вештина

РЕКВИЗИТИ: Според одбраната вештина

ОПИС: Комбинираниот пристап на учење на вештините го воведувам заради неговата директна врска со идеите претставени во оваа книга, посебно со теоријата на шеми за учење на поединечните моторички вештини (види 1. поглавје).

~Комбинираниот пристап се состои од четири дела: слободно запознавање, усмерено запознавање, прогресивно решавање на проблемите и специфична команда. На овој начин учениците систематски напредуваат од слободно запознавање на некои вештини, до специфични команди.

~ Овде е даден пример на користење на комбиниран пристап на чаша на која се користи јаже:

1. Слободно запознавање- учениците слободно го прескокнуваат јажето неколку минути.
2. Усмерено запознавање (малку ограничувања) - кажете на учениците да истражат различни начини на кои можат да скокаат: напред, назад, многу споро, менувајќи ги нозете, со двете нозе заедно, во пар.
3. Прогресивно решавање на проблемот- понудете неколку прашања, задачи или проблеми кои ќе ги наведат учениците на саканата вештина, а сепак да се избегнат објаснуваната и

демонстрациите(пр. „ Одберете го вашиот омилен начин на скокање и сконцентрирајте се на тоа да го одржите горниот дел од телото исправено“ ).

4. Специфична команда- демонстрирајте и подучувајте покажувајќи им на учениците како да скокаат држејќи ги нозете составени, како да направат само еден скок за секое движење на јажето, како да ги движат само зглобовите на рацете и така натаму.

РАКУВАЊЕ СО РЕКВИЗИТИ

ВЕШТИНИ: Сите видови на манипулативно запознавање

ОПРЕМА: 10 до 12 станици (означени со хулахопи на подот), секој со по еден реквизит или со уште еден хулахоп, по потреба.

ФОРМАЦИЈА: Парови

ОПИС: Вие ја одредувате манипулативната вештина која учениците ја увежбуваат.

~ Станиците се поставени во голем круг по салата или теренот, секоја со потребните реквизити.

~ Примерите на манипулативните задачи опфаќаат разни начини на балансирање со стапови, превртување врећички со грав со лакот, фрлање врећички со грав во корпа, непрекинато прескокнување јаже, водење топка околу тело, удирање топка за плажа (или балон) да би се одржала во воздух, удирање балон со празно пластично шише, пимпловање топче врзано за коноп.

~ По неколку минути на своите станици групите тргнуваат во правец на стрелките на часовникот до следната станица.

Активности и игри за стабилност

Иако првата цел на игрите и активностите од ова поглавје е развивање

статичка и динамичка рамнотежа, ова се постигнува и додека се изведуваат манипулативните и локомоторните вештини. Како и во претходните поглавја, соработката, разновидноста на вежбите и истражувањето на мозочните функции (емоции и учење) ги карактеризираат игрите и активностите и во ова поглавје.

Во суштина, прав предизвик е да се смислат возбудливи и активни игри усмерени на така специфична тема како што е рамнотежата. Во ова поглавје се пробува токму тоа, ако се знае колку е добрата рамнотежата важна за успешно учествување на децата во било кој вид на физичка активност.

ДЕН НА РАМНОТЕЖА

ВЕШТИНИ: Различни рамнотежни положби

РЕКВИЗИТИ: Нема

ФОРМАЦИЈА: Неправилна

ОПИС: Ова може да биде една од првите годишни активности за рамнотежа. Нуди комбинација од побарувачки и основни рамнотежни положби. Потсетете ги учениците да останат што помирни, пофиксирани три до пет секунди, додека ги прават потезите кои бараат мирување.

~ Клекнете додека стоите на една нога.

~ Направете го истото ама повторно станете на една нога.

~ Лулајте се на пета на самите врвови на прстите на нозете.

~ Лулајте се со петата на прстите на една нога.

~ Стоечки, подигнете ја едната нога од подот свиткувајќи ја во коленото. Сега свиткајте се напред и допрете ги прстите на ногата која останала на подот. Направете го истото и со другата нога.

~ Фатете едно стапало и принесете го до челото додека мирно стоите на другата нога. Променете ја состојбата на ногата.

~ Додека станувате, префрлете ја едната нога преку другото колено (како да формирате облик на бројот 4). Сега преправајте се како да седите на вашиот омилен стол да прочитате весник- свиткувајќи го коленото на кое е наслонета ногата. Ова е многу важен потег во кој сите уживаат).

~ Пронајдете доволно простор за себе подалеку од другите. Сега скокнете, свртете се во воздух и спуштете се на двете нозе.

~ Направете го истото тоа ама „ заледете се “ кога ќе доскокнете.

~ Направете го истото тоа, ама со затворени очи.

~ Удирајте со двете дланки на подот, подигнете ги двете нозе наназад и нагоре и шутнете.

~ Направете го истото тоа ама на крај станете.

~ Седејќи на подот, испружете ги нозете и подигнете ги од подот додека ви се испружени рацете на страна. Одржувајте рамнотежа само на задникот.

~ Чучнете на прстите на нозете и испружете ја едната нога пред себе. Седете на петата на другата нога.

РАМНОТЕЖА ЗА ЗАГРЕВАЊЕ

ВЕШТИНИ: Премин помеѓу динамичка во статичка рамнотежа

РЕКВИЗИТИ: Нема

ФОРМАЦИЈА: Неправилна

ОПИС:

~ Изберете некој вид на движење како што се трчање, скокање, галопирање, брзо одење, успорено трчање, смешно играње, смешно одење, од на некои животни или од на мумија. Учениците се движат наоколу изведувајќи го ова движење.

~ На секој сигнал- звук на свирче- учениците стануваат и заземајќи еден од следните рамнотежни положби кои сте им ги опишале пред да почнат да се движат, тие ќе се „заледат“ , престанувајќи на една нога; на една нога и со едното колено на под; на едната нога и со едната рака на подот; на едно колено и една рака; само на двете колена (без потпирање на стапалата); на една нога и еден прст на раката; на едно колено и еден прст на раката; на двете колена и челото; на грбот кој во близина го допира подот; само на пети; на врвовите на прстите; со едната нога на врвовите на прстите со другата на пети; само на едната пета; во чучнување; во „ ласта“ ; во „ мост“; во „свеќа“.

~ После секое застанување во некоја од положбите изберете друго движење кое учесниците ќе го прават до следниот сигнал.

Активности и игри за комбинирани движења

Игрите и активностите за развивање на вештините од ова поглавје обединуваат повеќе цели претставени во 4, 5 и 6 поглавје. Овде се комбинираат локомоторните и манипулативните вештини со вештината за одржување стабилност за да би се оствариле педагошките цели претставени во оваа книга. Некои од најинтересните игри се прикажани тука.

ЗАЕДНИЧКА СЛОЖУВАЛКА

ВЕШТИНИ: Било која вештина која ќе ја одберете

РЕКВИЗИТИ: Според одбраната вештина

ФОРМАЦИЈА: Четири групи (од по пет деца најмногу)

ОПИС: Ова е верзија од традиционалната друштвена игра сложувала прилагодена за часот по физичко воспитување.

~ Зададете и на секоја група да научи една вештина или вежба- според нивните можности. Секој член од групата се обидува да ја изведе.

~ Членовите на групата кои не можат да ја изведат вештината на прифатливо ниво треба сепак, да ја објаснат на другите или да ги научат на таа вештина.

~ Бидејќи секој член од групата ја изведува научената вештина, формирајте нови групи земајќи по еден член од првобитните групи.

~ Членовите на новите групи ги учат на нови вештини другите членови од групата.

~ Со нумерирање на почетните групи се штеди на време. Член а групата 1 прв подучува, потоа еден член од групата 2, и така понатаму.

~ Примери на вештини кои можат да се зададат се: преминување преку јаже, одржување рамнотежа на рацете во положба на чучење, премин на страни, безбол удар.

ИГРА НА ПАМЕТЕЊЕ

ВЕШТИНИ: Запознавање со различни видови движења; внимание; паметење.

РЕКВИЗИТИ: Нема

ФОРМАЦИЈА: Парови

ОПИС: Објаснете им на учениците дека треба да се однесуваат онака како што се однесува нивниот мозок кога памти и ги повторува задачите.

~ Паровите слободно се движат по сала или терен и застануваат пет пати на некое место или предмет. При секое застанување изведуваат по некое движење, вежба или вештина по свој избор.

~ После пет застанувања, паровите се враќаат на почеток и ги повторуваат своите движења по сеќавање така што застануваат на истите места и ги извршуваат истите задачи.

~ Објаснете им дека ова е начин на кој и мозокот памти, следејќи ги истите нервни патишта за постигнување на дадената цел.

ВАРИЈАНТИ:

~ Паровите можат да го изведат движењето по сеќавање и наназад или да додадат уште за играта да биде потешка.

~ На средина на теренот обезбедете реквизити потребни за изведување на манипулативните задачи.

## 5. Материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи

Додека телесните вежби се основно средство на физичкото воспитување, справите и реквизитите претставуваат помошни средства со кои вежбите и игрите во целост се реализираат, се активираат повеќе мускулни групи. Реквизитите придонесуваат за создавање поголем интерес и внимание кај децата при реализација на активностите.

За нормално изведување на активностите од физичко воспитување

потребно е предучилишната установа да располага со потребни објекти, справи, реквизити и играчки.

Сите простории каде се движат децата, особено оние за изведување физички активности, по својата големина треба да одговараат на бројот на деца.

Справите и реквизитите треба да се изработени од цврст материјал, да не се лесно кршливи, да се мазни и обоени со мрсни и светли бои. Според формата и големината треба да одговараат на возраста на децата, да ги има во доволен број.

Како справи и реквизити можат да се употребуваат:

- стилизирани штици, клупи со различна широчина, висина и должина;
- греда широка 20 и висока 5 сантиметри;
- ниски и широки летви со различна должина;
- големи и мали дрвени коцки со различна димензија;
- дрвени сандачиња со различна големина;
- душеци со различна еластичност;
- ниски козлиња и коњи;
- шведски клупи и греди;
- столчиња и коњи за лулање, клацкање (мали и големи);
- палки, обрачи, јажиња и топли со различна големина и тежина;
- барабанчиња, знаменца и балони;
- вртешки, летачки, лопатки, гребла, кофички и колички;
- вреќички полни со песок;
- скии, санки, автомобилчиња, тротинети, велосипеди и тн.

По изведувањето на активностите, справите, реквизитите и играчките треба да се соберат и да се сместат во определен простор од страна на децата, што создава навики за ред. Секојдневно, пред и по употреба на овие предмети треба да се пребришуваат од прашина, а еднаш месечно да се измијат.

Значењето на примена на овие средства е од голема корист и со нивна помош се:

- зголемува влијанието на вежбата кај детето;
- развива сензо-моторно искуство и умешност;
- служат за конкретизација на движењата;
- мотивација на детето при вежбање;
- потпомагаат во развојот на координација на движењата;
- придонесуваат за ориентација во просторот и развојот;
- придонесуваат за развој на иницијативи, самостојност пријатни чувства;
- придонесуваат за развој на работни навики;
- ја задоволуваат потребата на детето за промена и разновидност.

Изборот на справи и реквизити е многу битен за правилно реализирање на активностите и постигнување на однапред предвидената цел. Сите средства кои служат за вежбање треба да се разновидни и добро одбрани. Нивниот избор зависи од:

- од возрасните способности на детето,
- од програмската содржина на физичкото воспитување,
- од просторните услови,
- просторни услови сала и двор.

**Салата** за вежбање треба да биде во склоп на установата, но издвоена од останатите простории. Салата треба да биде пространа, функционална, да има справи и реквизити, треба да се опреми со разновидни средства за вежбање.

**Двор.** Детето секојдневно треба да помине 1-2 часа на отворен простор. Затоа секоја предучилишна установа мора да има двор кој се користи за насочена и слободна активност.

Отворениот простор треба да обезбеди:

- максимално користење на воздухот и сонцето,
- примена на разновидни телесни вежби во природа,
- стекнување искуства за живата природа и природните појави,
- спонтана игра,
- зближување и дружење на децата како и потреба за повремено

издвојување.

За дворот е важна локацијата и опременоста. Дворот треба да се наоѓа во склопот на градинката и треба да биде:

- заштитен од негативни влијанија(бучава, прашина, загаден воздух),
- да има доволно сонце и ладовина,
- да е ограден и изолиран од извори на нечистотија,
- да е функционално опремен.

Дворот треба да има:

- тревна површина и друго зеленило(дрвја, џбунести растенија, жива ограда, цвеќиња),
- нерамен терен,
- песочник,
- базен со вода,
- бетонирани патеки,
- настрешници и санитарии.

Површината на дворот треба да е покриен со трева која е отпорна на газење, ограден со жива ограда, насадени дрва (зимзелени и листопадни), џбунести растенија, цвеќиња.

Едната страна на дворот да има бетонирани рамни патеки, други да завршуваат со кружно проширување кое служи за свртување. Тие се користат за возење трицикли, тротинети, велосипеди.

Во дворот треба да се поставаат лулашки, клацкалки, вртелешки, вертикално и хоризонтално поставени стари гуми.

Со ваква материјално-техничка поддршка активностите по физичко здравје и моторен развој би се одвивале и реализирале беспрекорно.

# ВТОР ДЕЛ:

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е анализа на програмите на доменот: физичко здравје и моторен развој, како еден од петте домени во рамките на раниот детски развој. Во последните години за „раниот детски развој“ во Р. Македонија се обезбедуваат неколку релевантни програми, кои всушност претставуваат „негова“ своевидна образовна поддршка. Имајќи го предвид ваквиот третман, во трудот се прави програмска анализа на релевантните документи.

Од друга страна, пак предметот ќе биде испитуван и од аспект на ефикасноста и квалитетот на реализацијата на Програмата во предучилишните установи, како и педагошките компетенции на воспитувачите. Ова е аргумент кој оди во прилог на испитување на ставовите на директните реализатори, односно воспитувачи во однос на нивните ставови за содржинската и структурната поставеност на релевантните програми, потоа се испитуваат нивните ставови и мислења по однос на нивните развиени стручни компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој, како и испитување на образовните потреби на воспитувачите за работа со наведениот домен.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Истражувањето има карактер на теоретско и емпириско.

Карактерот и слоевитоста на истражувањето претпоставува реализирање на повеќе задачи. Целта на истражувањето е да се утврди компатибилноста на релевантните програми за раниот детски развој во предучилишниот воспитно-образовен систем со стручните компетенции и образовните потреби на воспитувачите за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.

## 3. Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве **задачи**:

1. Да се изврши содржинска и структурална анализа на Програмата за рано учење и развој (Министерство за труд и социјална политика).
2. Да се изврши содржинска и структурална анализа на Програмата за ран детски развој: (Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години).
3. Да се изврши содржинска и структурална анализа на Прирачникот за воспитувачи: (Примена на стандардите за рано учење и развој).
4. Испитување на ставовите и мислењата на воспитувачите за програмската поставеност на доменот: физичко здравје и моторен развој.
5. Испитување на ставовите и мислењата на воспитувачите за стручните компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.
6. Испитување на образовните потреби на воспитувачите за стручните компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.
7. Проценување на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

## 4. Хипотези на истражувањето

### Општа хипотеза

Воспитувачите имаат образовни потреби за зајакнување на стручните компетенции за реализација на доменот: за физичко здравје и моторен развој - компатибилни со современите програми за ран детски развој.

### Посебни хипотези

1. Постои потреба од ревидирање елементи од стандардите од доменот: за физичко здравје и моторен развој во рамките на Програмата за ран детски развој.

2. Воспитувачите имаат потреба за усовршување на стручните компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.

3. Воспитувачите имаат потреба од дополнителна педагошка поддршка во доменот на планирање, реализирање и вреднување за физичкото здравје и моторниот развој на децата.

4. Постои потреба од материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

## 5. Варијабли на истражувањето

*Независна варијабла* во истражувањето се:

- Програми за ран детски развој во Р. Македонија.

*Зависни варијабли се*:

- Ставовите на воспитувачите за програмската поставеност и реализација на доменот за физичкото здравје и моторниот развој во раниот детски развој.
- Образовните потреби на воспитувачите за постигнување на стандардите во рамките на физичкото здравје и моторниот развој на децата од предучилишна возраст.
- Спортски реквизити за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражување

Во истражувањето се користат методи кои ќе се обезбедат квалитетни научни сознанија, и тоа: анализа (содржинска, структурална) синтеза,

дескрипција, индукција, генерализација.

За добивање релевантни податоци се користат следниве техники и инструменти:

***Техники на истражувањето***

1. Анализа на педагошка документација
2. Анкетирање
3. Набљудување

***Инструменти на истражувањето***

1. Прашалник - Прашалник за испитување на ставовите и образовните потреби на воспитувачите за доменот: физичко здравје и моторен развој (П/В)
2. Чек-листа - за анализа на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи (Ч-Л/Р)

## 7. Примерок на истражувањето

Во истражувањето се опфатени повеќе примероци, и тоа:

- Примерок на предучилишни установи.
- Примерок на релевантни документи за ран детски развој во предучилишниот воспитно-образовен систем.
- Примерок на воспитувачи.
- Примерок на спортски реквизити.

***Примерок на предучилишни установи***

Во истражувањето се опфатени 5 (пет) јавни предучилишни установи (ЈУОДГ) на територијата на град Скопје, и тоа од општините Карпош (4) и Ѓорче

Петров (1).

***Примерок на релевантни документи за ран детски развој во предучилишниот воспитно-образовен систем***

Во истражувањето се опфатени неколку категории на педагошка документација, чија содржина е целисходно анализирана, и тоа: Програма[39] за рано учење и развој пропишана од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години и Прирачникот за воспитувачи.

***Примерок на воспитувачи***

За потребата на истражувањето се анкетирани 102 воспитувачи од јавните предучилишни установи.

- ЈУОДГ „Орце Николов“- 20 воспитувачи
- ЈУОДГ „Мајски Цвет“- 24 воспитувачи
- ЈУОДГ „Распеана младост“- 7 воспитувачи
- ЈУОДГ „Пролет“- 21 воспитувачи
- ЈУОДГ „Росица“- 30 воспитувачи

***Примерок на спортски реквизити***

За потребата на истражувањето се прави анализа на постоечките спортски реквизити кои се во функција за реализација на доменот за физичко здравје и моторен развој во петте предучилишни установи.

## 8. Обработка на податоците

Според истражувачката поставеност, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, добиените податоци од истражувањето ќе се обработуваат со квалитативни и квантитативни постапки.

*Квалитативно* ќе се обработат податоците добиени од: анкетирањето

(прашања од 2 ајтеми, од анализата на педагошката документација и од набљудувањето.)

Обработката на податоците ќе се изврши во неколку фази, и тоа: Запознавање со податоците (преглед на листите, белешките, документацијата) и селектирање на поуспешните, репрезентативните, во однос на нецелосните податоци. Определување тематска рамка. Индексирање (кодирање). Групирање (табелирање). Категоризација.

*Квантитативно* ќе се обработат дел од добиените податоци од анкетирањето, и дел од прашањата чек-листата.

1. Статистичка анализа на податоците.

   - опис на варијаблата преку презентирање на дистрибуција на фреквенција;
   - претставување релативна дистрибуција на фреквенции.

# ТРЕТ ДЕЛ:

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на ставовите на воспитувачите за програмската поддршка на доменот: физичко здравје и моторен развој

Испитувањето на ставовите на воспитувачите за програмската поддршка на доменот: физичко здравје и моторен развој е една од истражувачките задачи поставена во овој труд. Анализираните податоци добиени од испитувањето на ставовите на оваа целна група се надоврзува со содржинската и на структурната анализа на Програмите, којашто теоретски е елаборирана во првиот дел од трудот.

Воспитувачите треба континуирано да развиваат компетенции кои подеднакво вклучуваат знаења, вештини и подготовки за реализација на активности и за унапредување на целокупниот воспитно-образовниот процес.

Стручните компетенции на воспитувачите за работа преку која се стимулира и унапредува физичкиот развој и здравје, треба да ги имаат предвид индивидуалните карактеристики на децата во контекст на овој домен.

Непосредните реализатори на Програмата во предучилишните установи треба континуирано да развиваат компетенции кои подеднакво вклучуваат знаења, вештини и подготовки за соодветните активности и за унапредување на физичкиот развој кај сите деца.

Исто така, воспитувачите треба да бидат и оспособени за барање и користење поддршка во поширока смисла и зборот од релевантни фактори, како што се: соодветни образовни провајдери (институции и експерти од областа) од владиниот и невладиниот сектор, локална заедница, родители и други. Според наведеното, иницијалното образование и обука, како и професионалното усовршување на воспитниот кадар треба да биде усогласено со стандардите за рано учење и развој. Според ова, иницијалното образование и обука и професионалното усовршување на воспитувачите треба да биде усогласено со современите и програмски утврдени пристапи за работа со единствена цел - изградување неопходни капацитети на воспитувачите за користење на различни пристапи во воспитно-образовната работа.

Сето ова упатува на потребата од испитување на образовните компетенции на воспитувачите, аспектирано од ставовите и образовните потреби на воспитувачите.

Истовремено во овој дел се анализира и стручната оспособеност на непосредните реализатори на активностите од доменот: физичко здравје и моторен развој, односно се става акцент на развиените педагошки компетенции неопходни за ефикасна реализација. Анализата и интерпретацијата на резултатите се во насока и на утврдување на образовните потреби на воспитувачите за реализација на доменот којшто е цел на истражувањето, во најгенерални рамки.

Во поглед на релевантните компетенции на воспитувачите за планирање, организација и реализација на активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој, претпоставува и познавање на карактеристиките на физичкиот развој на децата, кои резултираат со индивидуални разлики во развојот на децата, изразени со различни потенцијали, физичка подготвеност и интерес.

Имајќи ја предвид специфичноста на овој домен, во истражувањето се наметнува потребата од проценување на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

Методолошки коректно е да се наспомене дека во процесот на анализа и интерпретација на добиените податоци од истражувањето ќе се користи методолошкиот принцип на „вкрстување" на варијаблите, и покрај тоа што во истражувачкиот инструментариум, ајтемите се логично групирани и компатибилни со истражувачките задачи.

Во овој дел од истражувањето е опфатен намерен примерок, и тоа примерок на јавни установи-организации-детски градинки од општините Карпош и Ѓорче Петров на територијата на град Скопје. Во примерокот се опфатени сите воспитувачи кои реализираат воспитно-образовни активности од сите градинки, вкупно 5 (пет) од наведените општини, и тоа: 24 воспитувачи од ЈУОДГ „Пролет", 27 воспитувачи од ЈУОДГ „Росица", 25 воспитувачи од ЈУОДГ „Мајски цвет", 7 воспитувачи од ЈУОДГ „Распеана младост" и 22

воспитувачи од ЈУОДГ „“Орце Николов“”, односно испитани се вкупно 105 воспитувачи (графикон бр. 1).

Табела бр. 1

| **Податоци за опфатените предучилишни установи и воспитувачи** | | |
|---|---|---|
| Назив на пред училишна установа | Воспитувачи | |
| | f | % |
| ЈУОДГ „Пролет“ | 24 | 22,86 |
| ЈУОДГ „Росица“ | 27 | 25,72 |
| ЈУОДГ „Мајски цвет“ | 25 | 23,81 |
| ЈУОДГ „Распеана младост“ | 7 | 6,66 |
| ЈУОДГ „Орце Николов“ | 22 | 20,95 |
| N=5 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 1 Податоци за опфатените предучилишни установи и воспитувачи




Од анализата на податоците по однос на работниот стаж на воспитувачите, може да се констатира дека половина (45,72 %) од нив припаѓаат на категоријата со најмало работно искуство, односно во градинка работат од еден месец до 10 години.

30 % Од вработените поседуваат работно искуство од 10 до 20 години, а речиси со приближен број на години работен стаж, изразено во проценти 16 односно 10, вработените имаат од 21 до 30 години, односно од 31 до 40 години работен стаж (табела бр. 2)

Табела бр. 2

| Работен стаж на испитаните воспитувачи | | |
|---|---|---|
| Работен стаж во предучилишната установа | Воспитувачи | |
| | f | % |
| 1 месец - 10 години | 48 | 45,72 |
| 10 години - 20 години | 29 | 27,62 |
| 21 година - 30 години | 17 | 16,19 |
| 31 година - 40 години | 11 | 10,47 |
| N=4 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 2



## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на ставовите на воспитувачите за педагошките компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој

Со испитувањето на ставовите и мислењата на воспитувачите за поддршката што ја добиваат од програмата за „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, пропишана од Министерството за труд и социјална политика, по обработката на прашалниците се добиваат податоци според кои може да се заклучи дека во генерални рамки воспитувачите позитивно ја вреднуваат оваа програма. Тоа е евидентирано од одговорите на првите пет прашања, во кои воспитувачите се произнесуваат за поддршката што ја добиваат од наведената Програма во сите домени. Понатаму анализата се фокусира и на програмската поддршка која се однесува за реализација на посебниот домен-физичко здравје и моторен развој, и тоа во процесот на планирање и на реализација на активностите кои аналогно произлегуваат од наведениот домен. Исто така, на теоретска и емпириска анализа подлежи и прирачната стручна литература, којашто секојдневно се користи од страна на воспитувачите.

Половина од испитаните воспитувачи (50%) се согласуваат со констатацијата дека програмата за „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години им помага во нивната работа, 31,42% се произнесуваат дека вака поставениот програмски концепт делумно им помага во работата, многу голема поддршка добиваат 16,20% од испитаниците, а додека пак најмал процент (1,91%) се изјасниле дека Програмата воопшто не им помага во нивната работа.

Констатацијата упатува дека програмата за „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години оди во прилог на стручна поддршка на воспитувачите за реализација на целокупната воспитно-образовна работа (табела бр. 3, и графикон бр.3).

Табела бр. 3

| Прашање бр. 1 Според Ваше мислење Програмата „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години: | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| а) многу Ви помага во вашата работа | 17 | 16,20 |
| б) Ви помага во вашата работа | 53 | 50,47 |
| в) делумно Ви помага во вашата работа | 33 | 31,42 |
| г) воопшто не Ви помага во вашата работа | 2 | 1,91 |
| N=4 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 3




Имајќи в предвид дека децата се развиваат холистички, не постојат приоритетни домени во детскиот развој. Почитувајќи го холистичкиот пристап во воспитно-образовниот процес и избегнувајќи ја тенденцијата да се фаворизираат одредени домени во развојот на детската личност, во изготвувањето на стандардите за ран детски развој во Р. Македонија, внимание се посветува на 5 (пет) домени. Токму од оваа причина преку одговорите на прашањето со реден број 2 (табела бр. 4) воспитувачите имаат можност да ги изразат ставовите подеднакво за програмската поддршка при реализација на сите домени. Евидентно е дека Програмата најмногу им помага на воспитувачите при реализација на доменот за Физичко здравје и моторен развој, односно на вкупно 76 воспитувачи, или изразено во проценти 72,40, (графикон бр. 4) по што го наведуваат доменот на конгнитивен развој и стекнување на општи (64,80%), по што го наведуваат доменот на развој на пристап кон учење, а со идентичен став се наведуваат домените: социоемоционален развој и развој на јазикот, описменување и комуникација, изразено во проценти (58,09%) (табела бр.4).

Евидентно е дека при реализација на домените - развој на јазикот, описменување и комуникација и социоемоционален развој, воспитувачите немаат доволно програмска поддршка. Овие резултати упатуваат на дополнителни испитувања и анализи ставовите и образовните потреби на непосредните реализатори во предучилишните установи, а наедно и дополнителна анализа на програмски конципираните домени во Програмата.

Табела бр. 4

| Прашање бр. 2 Според Ваше мислење, Програмата „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години најмногу Ви помага при реализација на активностите од: | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) Физичко здравје и моторен развој | 76 | 72,38 |
| Б) Социоемоционален развој | 61 | 58,09 |
| В) Развој на пристап кон учење | 64 | 60,95 |
| Г) Развој на јазикот, описменување и комуникација | 61 | 58,09 |
| Д) Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | 68 | 64,76 |
| N=4 | N=105 | |

Графикон бр. 4




На третото прашање воспитувачите се ставени во улога на оценување за „поддршката којашто ја добивате при реализација на доменот физичко здравје и моторен развој“. За оваа цел се користи нумеричка скала со оценки од 1 до 5, при што 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка. Добиените податоци упатуваат на тоа дека со идентичен процент (35,24%) од испитаниците поддршката ја оцениле со оценка 3, односно 4 (графикон бр. 5), 21,90 % со оценката 5, 6,66 % од испитаниците поддршката ја оцениле со оценка 2, а

речиси само 1%, програмската поддршка ја оцениле со најниска оценка. (табела бр. 5)

Табела бр. 5

| Прашање бр. 3 Според Ваше мислење, поддршката којашто ја добивате при реализација на доменот физичко здравје и моторен развој оценете ја со оценка од 1 до 5 при што 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка. | | |
|---|---|---|
| Оценка | Воспитувачи | |
| | f | % |
| 1 | 1 | 0,96 |
| 2 | 7 | 6,66 |
| 3 | 37 | 35,24 |
| 4 | 37 | 35,24 |
| 5 | 23 | 21,90 |
| N=5 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 5




На четвртото прашање: „Според Ваше мислење, поддршката којашто ја добивате при процесот на планирање на активностите во доменот на физичкото здравје и моторен развој" воспитувачите повторно се ставаат во улога на оценувачи (се користат нумерички оценки од 1 до 5, при што 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка). Од добиените податоци може да се констатира дека најголем број од воспитувачите, односно вкупно 42 (40%) многу добро (со оценка 4) (табела бр. 6) ја оценуваат програмската поддршка во процесот на планирањето на активностите, во доменот врз кој се фокусира истражувачката поставеност. 30,48% Од испитаниците пак со оценка 3 ја оценуваат поддршката, наспроти овие оценки, речиси 9 % (оценка 2) односно 1% (оценка 1) од воспитувачите не се задоволни од можностите кои ги нуди оваа Програма, а се однесуваат на процесот на планирањето (графикон бр. 6).

Резултатите одат во прилог на потврдување на истражувачката хипотеза, според која постои потреба од ревидирање на елементи од стандардите од

доменот: за физичко здравје и моторен развој во рамките на Програмата за ран детски развој.

Табела бр. 6

| Прашање бр. 4 Според Ваше мислење поддршка којашто ја добивате при процесот на **планирање** на активностите во доменот на физичкото здравје и моторен развој оценете ја со оценка од 1 до 5, при што 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка. | | |
|---|---|---|
| Оцени ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| 1 | 1 | 0.95 |
| 2 | 9 | 8.57 |
| 3 | 32 | 30.48 |
| 4 | 42 | 40.00 |
| 5 | 21 | 20.00 |
| N=5 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 6



## 3. Анализа и интерпретација на резултатите од испитувањата на образовните потреби на воспитувачите за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој

Квалитативната анализа на добиените податоци по однос на ова прашање дава подлабоко објаснување на нумеричките показатели. Имено, при квалитативната обработка на податоците може да се констатира дека голем број од исказите упатуваат на констатацијата дека тие имаат голема помош и поддршка во процесот на планирањето од страна на стручната служба во градинките, речиси во сите активности од доменот на физичко здравје и моторен развој. Поддршката што ја добиваат од нив се рефлектира и преку добивање континуирани насоки, совети и сугестии во рамките на реализацијата на активностите од овој домен. Интересен податок за анализа се ставовите на воспитувачите кои ги наведуваат „минималните“ цели и активности кои се наведени во поддомените.

Исто така воспитувачите наведуваат потешкотии на кои наидуваат при реализација на одделни активности од овој домен, кои од своја страна имаат комплексен карактер, кој претпоставува примена на принципот „од поедноставно кон посложено“. Причините се бараат во динамиката на физичкиот развој на децата од оваа возраст. Посебна подготовка се очекува при планирањето на: физичката кондиција, физичката компатибилност, вештините за координација, контрола, манипулација и движење за подобар физички развој.

Тешкотиите со кои се соочуваат воспитувачите при реализација на активностите од овој домен, неминовно произлегуваат од материјално-техничките услови, односно од недостатокот на простор (фискултурна сала, спортски терен, спортски игралишта) и различни видови спортски справи и помагала. Неопходноста од спортски реквизити природно произлегува од карактеристиките на физичкиот развој во раното детство. Во физичкиот и моторниот развој кај децата се забележува тенденција за користење повеќе мускули, отколку што е неопходно, како и трошење непотребна енергија (во подоцнежниот развоен период движењата се редуцираат).

Воспитувачите ја наведуваат потребата од дополнување на активностите и примерите од овој домен во Програмата, бидејќи овој вид активности предизвикува голем интерес кај децата.

Според добиените истражувачки резултати се потврдува посебната хипотеза, според која воспитувачите имаат потреба од дополнителна педагошка поддршка во доменот на планирање, реализирање и вреднување за физичкото здравје и моторниот развој на децата.

За подобрување на процесот на планирање на доменот физичко здравје и моторен развој, воспитувачите имаат потреба од демонстрирање на практични вежби и активности од страна на компетентни лица, а со тоа очекуваат и подобрување на квалитетот на работата.

Како компезирачка стручна поддршка, некои од воспитувачите во доменот на физичко здравје и моторен развој ги користат постарите програми, со аргументација дека изобилуваат со практични вежби, подвижни игри согласно потребите на возрасните групи на децата.

Воспитувачите имаат позитивни ставови и мислења за холистичкиот концепт во воспитно образовната работа, врз кој се заснова програмата за Ран детски развој, бидејќи подеднакво се третирани сите развојни домени. Постојат клучни вредности кои што се очекуваат од децата и врз нив се дефинирани стандардите за рано учење и развој во сите воспитно-образовни домени и субдомени.

Интересен податок за анализа се ставовите на испитаните воспитувачи, според кои за ефикасна и квалитетна реализација на „корпусот" активности во доменот физичко здравје и моторен развој, постои потреба од вклучување на стручни лица од обласата на физичкото образование, и тоа во процесот на изготвување на програмата, но истовремено нивно вклучување во организирање обуки за професионален развој, во процесот на демонстрирање на практични вежби и активности. Голем дел од испитаниците сметаат дека постои потреба овој домен целосно да го реализираат стручни лица од обласата на физичкото образование.

Преку одговорите на ова прашање се добиваат одговори кои упатуваат и на низа недостатоци, компатибилни на целокупната поставеност на доменот за

физичко здравје и моторен развој, а кои со право може да се наведе дека се од посебно значење и за целокупниот физички развој на децата. Сето ова се однесува на непостоење на контролни систематски прегледи (констатирање на евентуални деформитети), кои со актуелните анализи на национално ниво се алармантни во однос на нивната зачестеност, а се јавуваат во најраната детска возраст, а проблемот се провлекува со ненавременото откривање. Во контекст на овој дел, воспитувачите имаат потреба од дополнителни обуки во областа на корективна гимнастика.

Стандардите за рано учење и развој претставуваат основа за конципирање на целокупната предучилишна воспитно-образовна дејност. Согласност со тоа од особено значење е тие да бидат позитивно прифатени и квалитетно применувани во развојот и следењето на децата во периодот на раниот детски развој. Токму поради тоа прирачникот -Примена на стандардите за рано учење и развој - како да изберете најдобри практики за рано учење кај малите деца, претставува успешен обид да се придонесе во нивното толкување и реализација. Со цел да се обезбедат услови за креирање современи и квалитетни практики, базирани врз Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, овој прирачник толкува развојни и воспитни законитости и насочува кон индивидуални и групни активности и техники за нивна компетентна реализација. Низ сегментарно толкување на развојните домени кај малите деца, прирачникот обезбедува основа за појасен увид на концепциската поставеност и во потребите на воспитно-образовниот процес.

Табела бр. 7

| Прашање бр. 5 Според Ваше мислење **Прирачникот** за воспитувачи за примена на Стандардите за рано учење и развој | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) многу Ви помага во вашата работа | 14 | 13,33 |
| Б) Ви помага во вашата работа | 55 | 52,38 |
| в) делумно ви помага во вашата работа | 35 | 33,34 |
| Г) воопшто не ви помага во вашата работа | 1 | 0,95 |
| N=4 | N=105 | 100 |

Воспитувачите ја изразуваат помошта што ја добиваат од Прирачникот (52,38%); со овој став делумно се согласуваат 35 воспитувачи (графикон бр. 7), изразено во проценти 33,34%, а додека пак незначително мал процент, т.е. 1%

воопшто не ја согледуваат стручната поддршка од Прирачникот во практичната реализација.

Графикон бр. 7




Ваквите резултати индиректно зборуваат за потребата од дополнителна стручна прирачна литература и нејзино понатамошно развивање, во кои ќе бидат содржински структурирани добри практики за рано учење кај малите деца.

Наредното прашање се однесува на испитување на ставовите и мислењата на воспитувачите за поседувањето на компетенции за реализирање на активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој соодветствуваат на барањата на Стандардите за рано учење и развој (табела бр. 8) Од анализата на податоците може да се констатира дека воспитувачите имаат доволно развиени компетенции за работа во оваа област во предучилишното воспитание и образование. Половина од испитаниците (49,52%) сметаат дека нивните стручни компетенции целосно, односно делумно (43%) соодветствуваат со потребите за реализирање на активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој. Само 8% од нив наведуваат дека имаат потреба од стручна поддршка во овој домен (графикон бр. 8).

Табела бр. 8

| Прашање бр.6 Според Ваше мислење Вашите компетенции за реализирање на активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој соодветствуваат на барањата на Стандардите за рано учење и развој? | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) целосно соодветствуваат | 52 | 49,52 |
| Б)делумно соодветствуваат | 45 | 42,86 |
| В) имате потреба од стручна поддршка | 8 | 7,62 |
| N=3 | N=105 | 100 |

Очигледно искуствата на воспитувачите кои се реализатори на целокупната воспитно-образовна работа, се причина за високиот процент на нивната усогласеност во однос на ставот дека секој воспитувач неопходно е да поседува вештини за работа во доменот за физичко здравје и моторен развој.

Графикон бр. 8




Преку одговорите на седмото прашање испитаниците имаат можност да изберат повеќе опции при наведувањето на возраста на децата (од 2 до 3 години, од 3 до 4 години, од 4 до 6 години), која според нивно мислење бара најголемо ангажирање при реализација активностите во доменот на физичкото здравје и моторен развој. Најголем број од воспитувачите (70,47%) ја избрале третата опција, односно дека при реализација на активностите од овој Домен имаат потреба од најголемо ангажирање во работата со децата на возраст од 4 до 6 години (табела бр. 9).

Табела бр. 9

| Прашање бр.7 Наведете ја возраста на децата која според Ваше мислење бара најголемо ангажирање при реализација активностите во доменот на физичкото здравје и моторен развој | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) од 2 до 3 години | 61 | 58,09 |
| Б) од 3 до 4 години | 53 | 50,47 |
| В) од 4 до 6 години | 74 | 70,47 |
| N=3 | N=105 | 100 |

Додека, пак, 58.09% се изјасниле дека поголемо ангажирање од нив се бара и при организацијата и реализацијата на активностите со децата на возраст од 2 до 3 години, приближно (50,47%) испитаниците ја избираат втората опција, односно ја наведуваат возраста на децата од 3 до 4 години (графикон бр. 9).

Графикон бр. 9




Прегледот на добиените одговори оди во прилог на констатацијата дека секој возрасен развоен период кај децата се карактеризира со одделни специфики, на кои што треба соодветно стручно да се „реагира“ во практиката. Анализираните податоци наведуваат на констатација дека со зголемувањето на возраста на децата, се зголемуваат и очекувањата на воспитувачите во „стручното“ ангажирање на воспитувачите при реализацијата на активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој, којшто сам по себе претставува комплексна структура.

Табела бр. 10

| Прашање бр.8 Наведете во кои субдомени од доменот на физичкото здравје и моторен развој имате потреба од стручна поддршка за реализација на активностите. | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) груб моторен развој | 70 | 66,66 |
| Б) фин моторен развој | 26 | 24,76 |
| В) здраво и безбедно однесување | 37 | 35,23 |
| Г)сензомоторен развој | 35 | 33,33 |
| N=4 | N=105 | 100 |

Доброто физичко здравје на децата им дава енергија, издржливост активно да учествуваат во процесот на учењето. Избалансираниот моторен развој е поврзан и директно влијае и врз останатите развојни домени, како што е развојот на говорот, когнитивниот развој, социјалната компетенција и емоционалниот развој.

Што се однесува до потребата од стручна поддршка за реализација на активностите во субдомените од доменот на физичкото здравје и моторен развој, дури 66,66 % од испитаниците „грубиот моторен развој“ го наведуваат како субдомен за којшто имаат неопходност од стручна поддршка (табела

бр.10). Оправданоста на вака изразените ставови произлегува од комплексната структура на „грубиот моторен развој“ којшто е многу важен за децата, бидејќи преку него воспоставуваат контрола на рамнотежата и координацијата на делови од телото при одење, трчање, скокање, качување по скали. Додека пак, најмал број од испитаните воспитувачи (24,76 %) се изјасниле дека за реализација на активностите од субдоменот „фин моторен развој“ имаат потреба од стручна логистика (графикон бр. 10).

Графикон бр. 10




Преку прегледот на добиените одговори од десеттото прашање (од затворен карактер) се добиваат податоци за ставовите на воспитувачите по однос на факултетското образование преку кое стекнале знаење и развиле стручни вештини за реализација на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој.

Табела бр. 11

| Прашање бр.10 Според Ваше мислење, колку преку факултетското образование сте стекнале знаење и развиле стручни вештини за реализација на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој? | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) целосно | 19 | 18,10 |
| Б) делумно | 72 | 68,57 |
| В) воопшто не | 14 | 13,33 |
| N=3 | N=105 | 100 |

Евидентно е дека дисперзираноста на резултатите е рамномерна во однос на „поларитетите“ во одговорите, односно 18,10 % од испитаниците целосно се сложуваат со ставот според кој преку факултетското образование стекнале потребни знаења и развиле стручни компетенции, односно во процесот на

иницијалното образование целосно ги подготвило за практична реализација на овој домен (табела бр. 11). Наспроти овој став, 13,33 % (графикон бр. 11) се изјаснуваат дека факултетското образование „воопшто не ги оспособило за работа во овој домен".

Графикон бр. 11




Најголем процент (68,57 %) испитаниците се согласуваат со ставот дека „делумно" се стекнале со знаења и развиле вештини за стручна работа во доменот физичко здравје и моторен развој, во периодот на факултетското образование.

Од одговорите на единаесеттото прашање евидентно е дека во досегашното работно искуство, воспитувачите немале можност да учествуваат на обуки (семинари, работилници) за зајакнување на стручните компетенции во доменот на физичкото здравје и моторен развој.

Табела бр. 12

| Прашање бр.11 Дали во текот на вашето работење сте имале обуки (семинари, работилници) за зајакнување на вашите стручни компетенции во доменот на физичкото здравје и моторен развој. | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) да | 29 | 27,61 |
| Б) не | 76 | 72,39 |
| N=2 | N=105 | 100 |

Потврда на оваа констатација се одговорите на 76 воспитувачи, односно (72,39 %). Доколку на ова се додадат и 27,61 % (табела бр. 12 и графикон бр. 12) од воспитувачите кои учествувале, може да се констатира дека предучилишните установи кои гравитираат во општините Карпош и Ѓорче Петров има потреба од организирање обуки (семинари, работилници) за зајакнување на стручните компетенции на воспитувачите во доменот на физичкото здравје и моторен развој. На ова треба да се додадат и сознанијата добиени од прегледот на

општите податоци, анализирани во првиот дел од прашалникот, според кои може да се констатира дека половина (45,72 %) од воспитувачите припаѓаат на категоријата со најмало работно искуство, односно во градинка работат од еден месец до 10 години (според податоци од табела бр. 2).

Графикон бр. 12




Воспитувачите имаат потреба за усовршување на стручните компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.

За ефикасно и квалитетно развивање на сите моторни вештини кај децата од предучилишна возраст, потребно е зајакнување на искуствата во нивните секојдневни моторни активности преку развивање насочени активности за движење. Играта на децата им обезбедува можности да практикуваат различни вештини на движење, но со одредено структурирање на физичките активности потребно е да им се помогне во целост да го искористат својот потенцијал во моторниот развој. Токму од наведените причини, кои што се во дијалектички однос со комплексната поставеност на доменот за физичко здравје и моторен развој, неопходно произлегува потребата од постоење соодветни просторни услови, според утврдени стандарди во предучилишните установи за реализирање на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој.

Табела бр. 13

| Прашање бр. 13 Според мислење колку просторните услови во објектот во којшто ги реализирате активностите од доменот физичко здравје и моторен развој ги задоволуваат потребните стандарди? | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) целосно | 22 | 20,95 |
| Б) делумно | 76 | 72,39 |
| В) воопшто не | 7 | 6,66 |
| N=3 | N=105 | 100 |

Според добиените податоци, констатираната реална состојба по однос на оваа проблематика целосно не оди во прилог на наведените аргументи за постоење компатибилни предуслови со стандардите за просторни услови во објектите. Ова се потврдува со 72.39 % од одговорите на воспитувачите, според кои делумно постојат просторни услови во објектот за непречено реализирање на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој (табела бр. 13). Една третина, пак, од испитаните воспитувачи сметаат дека предучилишните установи целосно ги задоволуваат потребните стандардни услови (20,95 %) (графикон бр. 13).

## 4. Проценување на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи

Преку добиените податоци се потврдува посебната хипотеза, според која постои потреба од материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

Графикон бр. 13




Во контекст на обезбедување квалитетна, ефективна и ефикасна воспитно-образовна работа во рамките на доменот на физичко здравје и моторен развој, постои потреба од преземање „конкретни акции" во процесот на

обезбедување просторни услови во предучилишните установи за реализирање на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој.

Одговорите на четиринаесеттото прашање, кое е од затворен тип, „ Според Вас, дали имате доволно спортски реквизити за реализирање на активностите предвидени со доменот за физичко здравје и моторен развој?" преовладуваат одговори во кои најголем број од воспитувачите 55, (52,38%) се изјаснуваат дека делумно имаат спортски реквизити, неопходни за реализирање на активностите од физичко здравје и моторен развој; приближно сличен став (40%) имаат воспитувачите според кои предучилишните установи во коишто работат поседуваат спортски реквизити. Идентично изјаснети се ставовите според кои „има многу спортски реквизити", односно дека „воопшто нема спортски реквизити" предвидени со доменот за физичко здравје и моторен развој (3,81%) (табела бр. 14 и графикон бр. 14).

Табела бр. 14

| Прашање бр. 14 Според Вас дали имате доволно спортски реквизити за реализирање на активностите предвидени со доменот за физичко здравје и моторен развој. | | |
|---|---|---|
| Ставови | Воспитувачи | |
| | f | % |
| А) има многу спортски реквизити | 4 | 3,81 |
| Б) има спортски реквизити | 42 | 40,00 |
| В) делумно има спортски реквизити | 55 | 52,38 |
| Г) воопшто нема спортски реквизити | 4 | 3,81 |
| N=4 | N=105 | 100 |

Графикон бр. 14




Преку добиените податоци се потврдува посебната хипотеза, според која постои потреба од спортски реквизити за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ:

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

Со испитувањето на ставовите и мислењата на воспитувачите за поддршката што ја добиваат од програмата за „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, пропишана од Министерството за труд и социјална политика, по обработката на прашалниците се добиваат податоци според кои може да се заклучи дека во генерални рамки воспитувачите позитивно ја вреднуваат оваа програма.

Евидентно е дека при реализација на домените - развој на јазикот, описменување и комуникација и социоемоционален развој, воспитувачите немаат доволно програмска поддршка. Овие резултати упатуваат на дополнителни испитувања и анализи ставовите и образовните потреби на непосредните реализатори во предучилишните установи, а воедно и дополнителна анализа на програмски конципираните домени во Програмата.

Резултатите одат во прилог на потврдување на истражувачката хипотеза, според која постои потреба од ревидирање елементи од стандардите од доменот: за физичко здравје и моторен развој во рамките на Програмата за ран детски развој.

Тешкотиите со кои се соочуваат воспитувачите при реализација на активностите од овој домен, неминовно произлегуваат од материјално-техничките услови, односно од недостатокот на простор (фискултурна сала, спортски терен, спортски игралишта) и различни видови на спортски справи и помагала. Неопходноста од спортски реквизити природно произлегува од карактеристиките на физичкиот развој во раното детство. Во физичкиот и моторниот развој кај децата се забележува тенденција за користење повеќе мускули, отколку што е неопходно, како и трошење непотребна енергија (во подоцнежниот развоен период движењата се редуцираат).

Според добиените истражувачки резултати се потврдува посебната хипотеза, според која воспитувачите имаат потреба од дополнителна педагошка поддршка во доменот на планирање, реализирање и вреднување за физичкото здравје и моторниот развој на децата.

За подобрување на процесот на планирање на доменот физичко здравје и моторен развој, воспитувачите имаат потреба од демонстрирање практични вежби и активности од страна на компетентни лица, а со тоа очекуваат и подобрување на квалитетот на работата.

Воспитувачите имаат позитивни ставови и мислења за холистичкиот концепт во воспитно образовната работа, врз кој се заснова програмата за Ран детски развој, бидејќи подеднакво се третирани сите развојни домени. Постојат клучни вредности кои што се очекуваат од децата и врз основа на нив се дефинирани стандардите за рано учење и развој во сите воспитно-образовни домени и субдомени.

Интересен податок за анализа се ставовите на испитаните воспитувачи, според кои за ефикасна и квалитетна реализација на „корпусот" активности во доменот физичко здравје и моторен развој, постои потреба од вклучување на стручни лица од областа на физичкото образование, и тоа во процесот на изготвување на Програмата, но истовремено нивно вклучување во организирање обуки за професионален развој, во процесот на демонстрирање на практични вежби и активности. Голем дел од испитаниците сметаат дека постои потреба овој домен целосно да го реализираат стручни лица од областа на физичкото образование.

Преку одговорите на ова прашање се добиваат одговори кои упатуваат и на низа недостатоци, компатибилни на целокупната поставеност на доменот за физичко здравје и моторен развој, а кои со право може да се наведе дека се од посебно значење и за целокупниот физички развој на децата. Сето ова се однесува на непостоење на контролни систематски прегледи (констатирање на евентуални деформитети), кои со актуелните анализи на национално ниво се алармантни во однос на нивната зачестеност, а се јавуваат во најарната детска возраст, а проблемот се провлекува со ненавременото откривање. Во контекст на овој дел, воспитувачите имаат потреба од дополнителни обуки во областа на корективна гимнастика.

Ваквите резултати индиректно зборуваат за потребата од дополнителна стручна прирачна литература и нејзино понатамошно развивање, во кои ќе

бидат содржински структурирани добри практики за рано учење кај малите деца.

Очигледно искуствата на воспитувачите кои се реализатори на целокупната воспитно-образовна работа, се причина за високиот процент на нивната усогласеност во однос на ставот дека секој воспитувач неопходно е да поседува вештини за работа во доменот за физичко здравје и моторен развој.

Прегледот на добиените одговори оди во прилог на констатацијата дека секој возрасен развоен период кај децата се карактеризира со одделни специфики, на кои што треба соодветно стручно да се „реагира“ во практиката. Анализираните податоци наведуваат на констатација дека со зголемувањето на возраста на децата, се зголемуваат и очекувањата на воспитувачите во „стручното“ ангажирање на воспитувачите при реализацијата на активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој, којшто сам по себе претставува комплексна структура.

Што се однесува до потребата од стручна поддршка за реализација на активностите во субдомените од доменот на физичкото здравје и моторен развој, дури 66,66 % од испитаниците „грубиот моторен развој“ го наведуваат како субдомен за којшто имаат неопходност од стручна поддршка

Најголем процент (68,57 %) испитаниците се согласуваат со ставот дека „делумно“ се стекнале со знаења и развиле вештини за стручна работа во доменот физичко здравје и моторен развој, во периодот на факултетското образование.

Потврда на оваа констатација се одговорите на 76 воспитувачи, односно (72,39 %). Доколку на ова се додадат и 27,61 % (табела бр. 12 и графикон бр. 12) од воспитувачите кои учествувале, може да се констатира дека предучилишните установи кои гравитираат во општините Карпош и Ѓорче Петров има потреба од организирање обуки (семинари, работилници) за зајакнување на стручните компетенции на воспитувачите во доменот на физичкото здравје и моторен развој. На ова треба да се додадат и сознанијата добиени од прегледот на општите податоци, анализирани во првиот дел од прашалникот, според кои може да се констатира дека половина (45,72 %) од воспитувачите припаѓаат на

категоријата со најмало работно искуство, односно во градинка работат од еден месец до 10 години (според податоци од табела бр. 2).

Воспитувачите имаат потреба за усовршување на стручните компетенции за реализација на доменот: физичко здравје и моторен развој.

Токму од наведените причини, кои што се во дијалектички однос со комплексната поставеност на доменот за физичко здравје и моторен развој, неопходно произлегува потребата од постоење соодветни просторни услови, според утврдени стандарди во предучилишните установи за реализирање на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој.

Во контекст на обезбедување квалитетна, ефективна и ефикасна воспитно-образовна работа во рамките на доменот на физичко здравје и моторен развој, постои потреба од преземање на „конкретни акции" во процесот на обезбедување просторни услови во предучилишните установи за реализирање на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој.

Преку добиените податоци се потврдува посебната хипотеза, според која постои потреба од спортски реквизити за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен развој во предучилишните установи.

Сумативно анализираните резултати добиени по пат на ова истражување, во генерални рамки ја потврдуваат општата хипотеза, според која воспитувачите имаат образовни потреби за зајакнување на стручните компетенции за реализација на доменот за физичко здравје и моторен развој - компатибилни со современите програми за ран детски развој.

Во крајна инстанца, како значаен излез од ова истражување, а имајќи ги предвид податоците добиени од деловите на истражувањето кои се однесуваат на програмската поставеност и на ставовите на воспитувачите се наметнува констатација за потреба од сеопфатни истражувања за испитување на квалитетот на активностите во доменот на физичкото здравје и моторниот

развој, како интегриран дел раниот детски развој од нула до шест години во Република Македонија.

## ПРЕПОРАКИ

Постои потреба од континуирано организирање и реализирање обуки за воспитувачите за развивање компетенции за реализирање на активности од доменот Физичко здравје и моторен развој. За таа цел постои неопходна потреба од развивање релевантни програми за обуки од страна на релевантни институции и експерти од областа.

Се наметнува потребата за ревидирање на програмите од иницијалното образование на воспитувачите со цел истите да бидат усогласени со стандардите за рано учење и развој.

Според ова, иницијалното образование и обука и професионалното усовршување на воспитувачите треба да биде усогласено со современите и програмски утврдени пристапи за работа со единствена цел - изградување неопходни капацитети на воспитувачите за користење различни пристапи во воспитно-образовната работа.

Еден од излезите на ова истражување е изградување нова концепција за развивање методологија за сеопфатен физички развој на децата од предучилишна возраст.

Ваквиот пристап претпоставува преземање „акции“ во неколку фази, и тоа: подготовка на стручна литература која сеопфатно ќе ги третира (на теоретско и практично ниво) сите субдомени од доменот Физичко здравје и моторен развој. Истата ќе претставува образовна поддршка на непосредните реализатори во предучилишниот воспитно-образовен систем-воспитувачите, но истовремено ќе се користи и во соодветните предметни програми на наставничките факултети.

Во овој контекст може да се развива менторски модел на регионално ниво, односно тим од посебно обучени лица - професори по физичка култура кои ќе ги менторираат воспитувачите во непосредните активности за физичко здравје и моторен развој.

За ефективно и ефикасно реализирање на програмските активности неопходно е соодветно материјално-техничко опремување на предучилишните установи со реквизити, справи, спортски помагала и соодветно опремување на просторот во којшто практично е изведува процесот.

Постои потреба од уредување на салите и на дворовите од предучилишните установи, според пропишани нормативи со цел обезбедување квалитетно изведување на активностите од овој домен.

## Литература

1. Алабашовска-Дамовска, Л. (1995), *Играта и нејзиното педагошко организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер.

2. Алабашовска-Дамовска, Л., Барбареев, К., Шеху, Ф., Тасевска, А. (2012), *Нови практики во детските градинки*, Скопје: Темпора Веритас.

3. Анастасовски. А. (1990). *Методика на физичко воспитание.* Скопје: Просветно дело.

4. Antonijevič, Ž. (1978), Telesni razvoj predškolskog deteta, Beograd: Pedagoška akademija za obrazovanje vaspitača predškolskih ustanova - Beograd.

5. Antonijevič, Ž. (1978), Telesni razvoj predškolskog deteta, Beograd: Pedagoška akademija za obrazovanje vaspitača predškolskih ustanova - Beograd.

6. Antonijevic, Z. (2005). *Telesni razvoj predshkolskog deteta.* Beograd: Pedagoshka akademija za obrazovanje vaspitaca predshkolskih ustanova.

7. Anderson, L.W. (2000), *Taxonomy for leraning, teaching, and assessing: A revision of Bloom,s taxonomy of educational objectives,* complete edition. New York: longman.

8. Anderson, D., (2008) Productivism, Vocational and Professional Education, and the Ecological Question, Vocations and Learning, Volume 1, Number 2/ July, 2008.

9. Ангелоска-Галевска, Н. (1994), *Креативноста на децата во предучилишните установи,* Битола: Киро Дандаро.

10. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Битола: Киро Дандаро.

11. Arts Education Partnearship, 1998. Young children and the arts: making creative connections-A report of the task Force on Clindren's Learning and the Arts: Birth to Age Eight, Washington, Dc: Autor.

12. Barnes, J. (2007). Cross-Curricular learning 3-14, London: Paul Chapman publishing.

13. Bennet, B., Rolheiser-Bennet, C., Stevahn, L. (1991). Cooperative Learning, Washington, professional development Associoation.

14. Богосављев, М. (1986). *Методика физичког васпитања деце предшколског узраста*. Кикинда: Педагошка академија „Зора Крцалиќ-Зага“ и издавачко одељење „СТАВ“ центра за култури Кикинда.

15. Bredekemp & Copple (1997) Developlementally appropriate practise in early childhood programs. Washington, Dc: NAEYC.

16. Council for Chief State School Officers Early Childhood education Assesment panel 2003. The world we use; A glossary of terms for early childhood education standards and assessment.

17, *Cross-national study of teaching and learning (Data collection workshop). (2001), American Instituts* for Research, Washington, DC: Pelavin research Center.

18. Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, Н., и др. (2009). *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

19. Dienstmann, R. (2013). *Igre za motoricko ucjenje.* Превод: Vesna Radovanovik. Beograd: DATA STATUS.

20. Eager to learn: Education Our Preschoolers (2000). Committe on Early childhood pedagogy: Barbara T. Bowman, M. Suzanne Donovan and M. Susan Burns, education

21, Commission on behavioural and social sciences and education nation research council national academy press, Washington, Dc:.

22, Eptsein A.S. 2007, the intentional teacers, national assoction for the education of young children, Washington, Dc:.

23. Gallahue, D. (1988). A Conceptual approach to moving and Learning. New York, London.

24. Gardner, H. (1991). The unschooled mind: how children think and how school should teach. New York: Basic books.

25. Gaye, G., Marlyn, J. (2005). Make early standarts and Staff development: best practise in the face of change. Readlief Press, 1st ed. 2008.

26. Gelman, R&K. (2004). Science lerning pathways for young children, for assessment and curriculum planning. St.Paul: Pedleaf Press.

27. Gronlund, G., Marlyn, J. (2005). Make early standars come alive: connecting your practise and practice curriculum to state quildelines. St.Paul: Readeaf press.

28. Hansen , C., Kaufman, R. walsh, K. (1985). *Creating Child centered Classroom,* Washington: CRI.

29. Hurlock, E. B. (1990). Razvoj deteta. Beograd: Zavod za izdavnje udzbenika.

30. Ivanković, A. (1978). Tjelesni odgoj djece predškolske dobi. Zagreb: Školska knjiga.

31. Isbel.R., J.Sobel. L.lindauer, A. LOurens (2004). The effects of storytelling and story reading on teoral complexity and story comprehension of young children. Early childhood education journalist 32 3) (57 - 163)

31. Каменов, Е. (1988). Предучилишна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело.

32. Кундрат, В., Медиќ, М. (1986), Вежби и игре лоптом: за децу предшколског узраста. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

33. Leskošek, J. (1980). Teorija fizićke culture. Beograd: Partizan.

34. Lisina, M., Njeverović, Z. (1998), *Razvoj motorike i formiranje motornih navika.* (175-226).

35. *Mala enciklopedija* (1978), Beograd: Prosveta.

36. Martner, J. (1994). Workshop: Self Esteem in young Children, South West Human development.

37. Muijs, D., Reynolds, D. (2006), Efective teaching – Evidence and Practice, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.

38. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија

39. Pavlović-Breneselović, D. (1980), Razvijanje samostalnosti kod dece predškolskog uzrasta:stavovi i postupci vaspitača, Diplomski rad odbranjen na Filozofskom fakultetu u Beogradu.

40. Pavlović-Breneselović, D. (1993), Položaj deteta u dečjem vrtću i prvom razredu osnovne škole, Beograd, IPA.

41. Pavlović-Breneselović, D., Pavlovski, T. (2001), Timski rad u vaspitnoj praksi-Priručnik. Beogra: Filozofski fakultet, Centar za interaktivnu pedagogiju.

42. Павловиќ, Д. Паловски. Т. (2000б). Партнерски однос у васпитање- Приручник. Београд. Филозовски Факултет, Центар за интерактивну педагогију-ЦИП.
43. *Pedagoška enciklopedija I i II* (1989), (red. N. Potkonjak, P. Šimleša), Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
44. *Pedagoški leksikon* (2000), (red. N. Potkonjak), Beograd: Zavod za užbenike i nastavna sredstva.
45. Пијаже, Ж. (1998). Развој на интеленгицајата (избор на трудови), (Ред. Крсте Ангеловски, Анатоли Дамјановски, Љупчо Копровски и др.). Скопје: Просветно дело.
46. Radović-Adamović, N. (1980). Fizičko vaspitanje dece u predškolskim ustanovima. Beograd: Pedagoška akademija za obrazovanje vaspitača predškolskih ustanova.
47. Raćev, K. (red.) (1984). Fizićeska podgotovka na decata ot predućilišćna v,zrast. Sofija: Medicina i fiskultura.
48. Ренџов, С. (1990). Играме, вежбаме, растеме. Скопје: Детска радост.
49. Research in Physical Education, Sport and Health. 2/2014. International Journal of Scientific Issues in Physical Education, Sport and Health. (Editor-in Chief: Vujica Zivkovic, Macedonia. Skopje: Faculty of Physical Education, Sport and Health.
50. Rot, N. (1987). Osnovi socijalne psihologije, Beogrd: Zavod za za uzbenike i nastavna srestva.
51. Saifer, S., Bauman, M., Isenberg, J.P. (2000). Inindividualizovani pristup poducavanje. Prev, centar za obrazovne inicijative,. Sarajevo. Beograd: Centar za interaktivna pedagogija.
52. Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014.
53. Томевска-Илиевска, Е. (2015). *Интерактивни пристапи во наставата.* Скопје: Филозофски факултет.
54. Виготски, Л. (1983). Београд: Мислење и говор.
55. Шеху, Ф., Палчевска, С., Ничова, А. (2014). *Примена на стандардите за рано учење и развој: добри практики за поттикнување на раното учење*

*кај малите деца: прирачник за воспитувачи*. Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

56. Williams, R. M. (1978). Iznenadjujuća veza izmedju umetnosti i ućenja. *Pregled,*Amerićka ambasada. Beograd 1978/203,21-4.

57. Wolfe, B. Workshop: How to communicate With children, Washnigton:CRL

# ПРИЛОЗИ

## Прашалник - (П/В)

Прашалник за испитување на ставовите и образовните потреби на воспитувачите за доменот: физичко здравје и моторен рзвој

Почитувани,

Ова истражување е во функција на добивање релевантни податоци за магистерскиот труд на тема: „Системска поставеност и имплементација на стандардите за рано учење и развој во Република Македонија“. Прашањата од анкетниот лист се однесуваат на испитување на ставовите и образовните потреби на воспитувачките за сите аспекти од доменот на физичко здравје и моторен развој. Вашите мислења и ставови се од посебна важност за истражувањето. За таа цел Ве замолуваме отворено да пристапите во одговарањето на прашањата.

Анкетирањето е анонимно.

Општи податоци

1. ЈУОДГ во која работите: ______________________________

2. Работен стаж: ___________________________________

**Прв дел**

1. Според Ваше мислење **Програмата „Ран детски развој“** - Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години: *(заокружи)*

а) многу Ви помага во Вашата работа
б) Ви помага во Вашата работа
в) делумно Ви помага во Вашата работа
г) воопшто не Ви помага во Вашата работа

2. Според Ваше мислење Програмата „Ран детски развој“ - Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години најмногу Ви помага при реализацијата на активностите од:

   *(заокружи, можни се повеќе одговори)*

а) физичко здравје и моторен развој
б) социоемоционален развој
в) развој на пристап кон учење
г) развој на јазикот, описменување и комуникација

д) когнитивен развој и стекнување на општи знаења

3. Според Ваше мислење поодршката којашто ја добивате при реализација на доменот физичко здравје и моторен развој оценете ја со оценка од 1 до 5, пришто 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка: *(заокружи)*

1 2 3 4 5

4. Според Ваше мислење поодршката којашто ја добивате при процесот на планирање на активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој оценете ја со оценка од 1 до 5, пришто 1 е најниска оценка, а 5 е највисока оценка:

а) *(заокружи)*

1 2 3 4 5

б) Објаснете зошто дадовте ваков вид на оценка!

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
__________________________________________

5. Според Ваше мислење **Прирачникот** за воспитувачи за примена на Стандардите за рано учење и развој: *(заокружи)*

а) многу Ви помага во Вашата работа
б) Ви помага во Вашата работа
в) делумно Ви помага во Вашата работа
г) воопшто не Ви помага во Вашата работа

**Втор дел (компетенции за работа)**

6. Според Ваше мислење Вашите компетенции за реализирање на активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој соодветствуваат на барањата на Стандардите за рано учење и развој: *(заокружи)*

а) целосно соодветствуваат
б) делумно соодветствуваат

в) имате потреба од стручна поддршка

7. Наведете ја возраста на децата која според Ваше мислење бара најголемо ангажирање при реализација активностите во доменот на физичко здравје и моторен развој: *(заокружи, можни се повеќе одговори)*

а) од 2 до 3 години
б) од 3 до 4 години
в) од 4 до 6 години

8. Наведете во кои субдомени од доменот на физичко здравје и моторен развој имате потреба од стручна поддршка за реализација на активностите: *(заокружи, можни се повеќе одговори)*

а) груб моторен развој
б) фин моторен развој
в) здраво и безбедно однесување
г) сензомоторен развој

9. Според Вашето мислење кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години според доменот физичко здравје и моторен развој? *(наведи)*

________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
____________________________________________

10. Според Ваше мислење колку преку факултетското образование сте стекнале знаења и развиле стручни вештини за реализација на активностите од доменот физичко здравје и моторен развој!? *(заокружи)*

а) целосно
б) делумно
в) воопшто не

11. Дали во текот на Вашето работење сте имале обуки (семинари, работилници) за зајакнување на Вашите стручни компетенции во доменот на физичко здравје и моторен развој!? *(заокружи)*

а) да

б) не

12. Наведете за кој вид на активности од доменот на физичко здравје и моторен развој имате потреба од организирање на дополнителни обуки!? *(наведи)*

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
_______________________________________________________________

13. Според Ваше мислење колку просторните услови во објектот во којшто ги реализирате активностите од доменот физичко здравје и моторен развој ги задоволуваат потребните стандарди!? *(заокружи)*

а) целосно
б) делумно
в) воопшто не

14. Според Вас дали имате доволно спортски реквизити за реализирање на активностите предвидени со доменот за физичко здравје и моторен развој!?

а) има многу спортски реквизите
б) има спортски реквизите
в) делумно има спортски реквизите
г) воопшто нема спортски реквизите

15. Наведете од каков вид на спортски реквизити имате потреба за квалитетна реализација на активности од доменот на физичко здравје и моторен развој!? *(наведи)*

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
_______________________________________________________________

Ви благодариме на соработката!

**Чек-листа - за анализа** на материјално-техничка поддршка (реквизити) за реализација на игрите и активностите од доменот за физичко здравје и моторен рзвој во предучилишните установи **(Ч-Л/Р)**